МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

ЕУ за ТЕБЕ

# КОРИСТЕЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ: ВОДИЧ



Проектот е финансиран од Европската Унија

КОРИСТЕЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ: ВОДИЧ

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
ул: Никола Парапунов 41а
1060 Скопје

www.mcms.mk

# КОРИСТЕЊЕ
# НА КОНВЕНЦИЈАТА
# НА ОН ПРОТИВ КОРУПЦИЈА
# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
# НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ:

# ВОДИЧ

**КОРИСТЕЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ОН ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ НАПОРИ: ВОДИЧ**

**Наслов на оригиналот:**
Using the UN Convention against Corruption to advance anti-corruption efforts: A guide

**Автори:** Жилиан Дел (Gillian Dell), Мари Теракол (Marie Terracol), соработници: Џудит Коста (Judit Costa), Ребека Добсон (Rebecca Dobson)

© 2014 Transparency International and UNCAC Coalition за верзијата на англиски јазик
Оригиналот на оваа публикација е издаден на англиски јазик од страна на УНКАК Коалиција и Транспаренси Интернатионал

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

© Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) за верзијата на македонски јазик

**Превод од англиски јазик:** Ад Вербум

**Тираж:** 150 примероци

**Подготовка и печатење:** Боро Графика

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

343.352:061.2(094.2)(036)

ДЕЛ, Жилиан
Користење на Конвенцијата на ОН против корупција за унапредување на антикорупциските напори : водич / [автори Жилиан Дел, Мари Теракол].
- [Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)], 2019. -
111 стр. : илустр. ; 25 см

Превод на делото: Using the UN Convention against corruption to advance anti-corruption efforts : a guide / Gillian Dell, Marie Terracol. - Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4848-17-2
1. Теракол, Мари [автор]
а) Корупција - Конвенција на Обединети Нации - Граѓански организации - Водичи COBISS.MK-ID 110479114

---

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа книга е заштитено, но книгата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Оваа публикација е подготвена со финансиска помош од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека е одраз на ставовите на Европската Унија.

**Доколку се спроведе целосно,
[Конвенцијата на ОН против корупција]
може многу да помогне во подобрување на квалитетот
на живот на милиони луѓе во целиот свет.**

Кофи Анан[1]

[1] Предговор на Конвенцијата на ОН против корупција

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** 6

**2. ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА СЛЕДЕЊЕТО И ЗАСТАПУВАЊЕТО** 10

**3. КОНВЕНЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ПРОТИВ КОРУПЦИЈА** 14

3.1 Накратко за УНКАК 15
3.2 Тела и институции на УНКАК 17
3.3 Механизам за ревизија на УНКАК 25

**4. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА УНКАК** 30

4.1 Како да одлучите што да следите 32
4.2 Следењето објаснето чекор по чекор 34
4.3 Методи на истражување и прибирање податоци 40
4.4 Презентирање на резултатите од следењето 42

**5. ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ АНТИКОРУПЦИСКИ МЕРКИ** 43

5.1 Идентификација на клучни прашања и цели на застапувањето 45
5.2 Идентификација на клучните актери во процесот на носење одлуки и други засегнати страни 47
5.3 Идентификација на клучни пораки 50
5.4 Утврдување на клучни можности за застапување 52
5.5 Утврдување на активностите за застапување 52

**6. ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ ТРАНСПАРЕНТЕН И ИНКЛУЗИВЕН ПРОЦЕС НА РЕВИЗИЈА НА УНКАК** 54

6.1 Фаза I: Самооценување 57
6.2 Фаза II: Експертска ревизија 59
6.3 Фаза III: Извештај од ревизија на земја и извршно резиме 61

**7. ЗАЕДНИЧКИ ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТАНДАРДИ** 64

**8. ПРИЛОЗИ** 69

Прилог 1: Други меѓународни антикорупциски инструменти 71
Прилог 2: Корисни линкови 73
Прилог 3: Изготвување нацрт паралелен извештај за ревизијата на УНКАК: насоки и урнек за извештајот 74
Прилог 4: Изготвување дополнителен извештај од ревизија на земја: насоки и урнек за извештајот 100
Прилог 5: Урнек за допис до владин(и) службеник(ци) со кој се бара објавување на целосен извештај од ревизија на земјата 105
Прилог 6: Насоки за обезбедување на формална слобода за барање информации 107
Прилог 7: Застапување за ратификација на УНКАК 110

# 1

# ВОВЕД



Корупцијата влијае врз сите нас – на локално, национално и меѓународно ниво – и нè предизвикува да ѝ се спротивставиме. Низ целиот свет, владите, бизнисите и граѓанското општество се залагаат за овој предизвик, бидејќи сè појасно е дека корупцијата ги навредува нашите вредности и им се заканува на нашите општества.

Таа ја нарушува демократијата и владеењето на правото, води кон прекршување на човековите права, ги нарушува пазарите, го намалува квалитетот на живот и овозможува развивање на организиран криминал, тероризам и други закани за човековата безбедност.[2]

Меѓународните конвенции како што е Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (УНКАК) играат клучна улога во борбата против корупцијата.[3] Тие обезбедуваат рамки што поставуваат антикорупциски стандарди и решаваат прекугранични прашања. Тие се доказ дека меѓународната заедница сериозно ја сфаќа корупцијата и ја препознава потребата од заеднички решенија.

УНКАК е најопширна од сите антикорупциски конвенции. Како договор меѓу 170 земји,[4] таа утврдува заеднички стандарди, политики, процеси и практики што ги поддржуваат антикорупциските напори на национално ниво.  Таа, исто така, ја олеснува меѓународната соработка така што ги усогласува правните и институционалните рамки за спроведување закони и воспоставување механизми за соработка.

[2] Кофи Анан, Предговор на УНКАК 2004 г.

[3] Други конвенции ги вклучуваат Конвенцијата за спречување на поткуп на ОЕЦД, како и регионалните конвенции за спречување на корупција, како што се Конвенцијата на Африканската унија за спречување и борба против корупција; Арапската конвенција против корупција; Казнено-правната конвенција за корупција на Советот на Европа; Граѓанско-правната конвенција за корупција на Советот на Европа; Конвенцијата на Европската унија за борба против корупцијата, вклучително и службениците на Европските заедници или службениците на земјите-членки; и Меѓуамериканската конвенција против корупција. Исто така постои и Протокол за корупција на Јужна Африка и Комонвелтот за економска заедница на западноафрикански држави (види Прилог 1)

[4] Број на земји-членки на конвенцијата почнувајќи од 9 јануари 2014 година

### УНКАК нема дефиниција за корупција

Иако во поглавје III, УНКАК ги набројува кривичните дела поврзани со корупција, таа не дава никаква дефиниција за корупција. Тоа има свои предности, бидејќи тоа значи дека опфатот на конвенцијата не е непотребно ограничен со деталите за дефиниција договорена меѓу владите во конкретна точка од времето. Транспаренси Интернешнл ја дефинира корупцијата како **злоупотреба на доверена моќ за приватна корист.** Ова е корисна почетна точка и опфаќа корупција во многу форми, но постојат и други дефиниции што може да ги користите.

УНКАК има механизам за ревизија – усвоен во 2009 година – за следење на спроведувањето на конвенцијата. Ова е експертска ревизија со помош на која се создаваат извештаи од ревизија на земји со кои се испитува напредокот во спроведувањето и се даваат препораки. Овие активности помагаат при одржување на моментумот за спроведувањето на УНКАК во целиот свет.

**УНКАК и нејзиниот механизам за ревизија се моќни алатки што му се достапни на граѓанското општество.** Тие обезбедуваат основа за граѓаните и организациите на граѓанското општество да ги држат владите одговорни за нивните антитерористички заложби.

Стандардите на УНКАК поддржуваат антикорупциска реформа и нудат поткрепа за промени. Тие носат и политичка тежина – со оглед на нивната обврзувачка природа и меѓународна поддршка – и се задржуваат како такви додека владите се менуваат. УНКАК ја препознава суштинската улога на граѓанското општество во успешни антикорупциски напори: поддршка за владите да ги исполнат нивните обврски што произлегуваат од УНКАК и придонесување кон постојани оценувања на нивната изведба преку процесот на ревизија на УНКАК.

Без разлика дали се стремите кон намалување на корупцијата во здравствениот и образовниот сектор, кон отстранување на недостатоците во правосудниот систем, кон исправување на нарушувањата во јавните

набавки или справување со недостатокот на буџетската транспарентност, УНКАК дава важна поддршка за иницијативи за борба против корупцијата и одговорноста:

- Таа е **сеопфатна**, бидејќи го опфаќа речиси секој аспект од корупцијата и дава основа за активностите на национално и локално ниво.

- Таа содржи **механизам за ревизија**, кој го повикува граѓанското да учествува во нејзиниот процес на ревизија на национално ниво.

- Таа одржува **меѓународни состаноци**, каде може да ги изнесете вашите наоди и препораки со цел зголемување на нивното влијание.

Ова е водич за **поддршка на организациите од граѓанското општество во ефективно користење на УНКАК.** Тој ве води низ процеси и институции и објаснува како да развиете ефективен пристап за следење и застапување кој ќе ви помогне да внесете промени и да ги унапредите антикорупциските активности и на национално и на меѓународно ниво.

# 2

# ОБЈАСНУВАЊЕ НА СЛЕДЕЊЕТО И ЗАСТАПУВАЊЕТО



**Следењето и застапувањето се активности кои меѓусебно се зајакнуваат и помагаат за внесување промени.**

**Следење** е процесот на систематска проверка за исполнување на стандарди или обврски и процес за утврдување на празнини. Ефективното следење обезбедува докази за заложби на локално, национално и меѓународно ниво.

**Застапување** е конструктивен ангажман со сите засегнати страни за промовирање на промени и ставање крај на корупцијата. Тоа вклучува збир од активности создадени за да влијаат врз политиките и дејствата на оние кои се на власт. Во текот на спроведување на застапувањето, граѓанските организации (ГО) може да добијат увид и повеќе информации за понатамошни активности на следење.

> Работењето во коалиции на граѓанското општество може да има значителни придобивки ак организирате ефективна поделба на трудот. Работата за следење и застапување можете да ја поделите според експертизата на разни организации. Неколку организации може да ги искористат резултатите од следењето во нивното застапување.

## ШТО Е СЛЕДЕЊЕ СПОРЕД УНКАК?

Кога една земја ќе ја ратификува УНКАК, таа се обврзува на нејзините стандарди. Следењето вклучува внимателно истражување на успешноста на владите во спроведувањето и примената или спроведувањето на одредбите на УНКАК.

УНКАК има свој механизам за ревизија кој помага при следење на спроведувањето на нејзините стандарди од страна на одредена земја. Со механизмот за ревизија се создаваат извештаи за спроведување од ревизија на земја кои се резултат на процесот на експертска ревизија. ГО може да ги користат наодите од извештајот за нивното застапување и да структурираат свои активности на следење.

Граѓанските организации може да го следат спроведувањето на:
- Целата конвенција
- Неколку поглавја
- Еден или повеќе членови

ГО, исто така, може да ги следат транспарентноста и инклузивноста на процесот на ревизија.

Следењето произведува наоди и препораки за **поддршка на вашето застапување**. Тоа поттикнува и дијалог, создава врски и води кон ангажирање на владите и други засегнати страни.

> Со цел да ја сфатите идејата за некои од предметните области што треба да ги следите, разгледајте го почетокот на вашиот процес на донесување одлуки во упатствата и образецот на извештајот развиен од Транспаренси Интернешнл (Видете Прилог 3).

## ШТО Е ЗАСТАПУВАЊЕ ЗАСНОВАНО НА УНКАК?

Застапувањето засновано на УНКАК ги користи стандардите на УНКАК, **наодите од следењето** на спроведувањето по земја, форумите и процесите на УНКАК за постигнување напредок во конкретни области од антикорупцијата.

Застапувањето засновано на УНКАК може да се фокусира на:
- Подобра успешност во приоритетните антикорупциски области преку подобрено спроведување на стандардите на УНКАК во вашата земја, без разлика дали преку пополнување празнини во законодавството или отстранување на недостатоци во примената или спроведувањето
- Зголемена транспарентност и инклузивност на национални или меѓународни процеси на УНКАК
- Ратификација на УНКАК – доколку вашата земја е една од малкуте што сè ја немаат ратификувано конвенцијата (видете Прилог 7).

> Застапувањето, често, е најефективно кога работите со група засегнати страни и градите врски преку соработка со други ГО. За повеќе информации, видете го работењето на Коалицијата на УНКАК на (www.uncaccoalition.org).

# 3

# КОНВЕНЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ПРОТИВ КОРУПЦИЈА (УНКАК)



## 3.1 НАКРАТКО ЗА УНКАК

Усвоена од Генералното собрание на ОН: 31 октомври 2003 г.
Стапи на сила на: 14 декември 2005 г.
Број на држави-страни: 170 (во јануари 2014 г.)
Квалификувани членови: Сите земји и регионални економски организации
Секретаријат: Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал (УНДОЦ)

УНКАК има осум поглавја и 71 членови.

**Поглавје I: Општи одредби** е проследено со следни четири поглавја што содржат **материјални одредби**.

**Поглавје II: Превентивни мерки**
Опфатените мерки вклучуваат кодекси на однесување за јавни службеници, транспарентност во јавните набавки и јавни финансии и чекори за спречување на корупција и перење пари во јавниот сектор. Член 13 им налага на државите-страни да осигурат учество на граѓанското општество и невладините организации во спречувањето на и борбата против корупцијата. Тој се однесува на потребата од мерки за обезбедување на јавен пристап до информации и учество во образовни програми.

**Поглавје III: Криминализација и спроведување на закони**
Кривичните дела опфатени во ова поглавје вклучуваат поткуп, проневера, злоупотреба на функции, незаконско збогатување, прикривање, перење пари, тргување со влијание и опструкција на правдата. Поглавјето, исто така, предвидува заштита на лица за известување (укажувачи), сведоци, жртви и експерти.

**Поглавје IV: Меѓународна соработка**
Ова поглавје утврдува стандарди за меѓусебна правна помош во истрагите и гонење на престапници.

## Поглавје V: Поврат на средства

Ова поглавје се однесува на спречување и откривање трансфери на приноси од криминал и мерки за нивно враќање, со акцент на меѓународна соработка.

Двете последователни поглавја опфаќаат договорени **чекори за унапредување на влијанието на конвенцијата.**

## Поглавје VI: Техничка помош и размена на информации

Ова поглавје ги повикува државите-страни на конвенцијата да развијат или подобрат конкретни програми за обучување на персонал одговорен за спречување на и борба против корупцијата. Државите-страни, исто така, треба да размислат за меѓусебно давање најширока мерка за техничка помош, особено за земјите во развој, како и доброволни механизми за обезбедување на финансиска помош за земјите во развој и земјите во транзиција.

## Поглавје VII: Механизми за имплементација

Ова поглавје ја утврдува Конференцијата на држави-страни на Конвенцијата (*COSP*) за подобрување на капацитетот и соработката меѓу државите-страни и за промовирање и ревизија на нејзината имплементација, како и да дадат препораки за подобрување на имплементацијата.

## УНКАК завршува со Поглавје VIII: Завршни одредби

Насловите опфатени овде вклучуваат одредби за стапување во сила, процес на ратификација и измени на текстот на конвенцијата.

> Секретаријатот на УНКАК (УНОДЦ) обезбедува дополнителни мерки и упатства за УНКАК www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/ (особено, видете во Технички алатки и публикации).

## 3.2 ТЕЛА И ИНСТИТУЦИИ НА УНКАК

Главното тело за донесување одлуки на УНКАК е Конференцијата на држави-страни на Конвенцијата (*COSP*). Таа има основано помошни тела што работат под нејзиниот мандат за да ѝ помогнат во нејзината работа. Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) служи како нејзин секретаријат.

### КОНФЕРЕНЦИЈА НА ДРЖАВИТЕ-СТРАНИ

Сите држави што ја ратификувале УНКАК, автоматски, претставуваат дел од Конференцијата на државите-страни. Други држави (потписнички[5] и непотписнички[6]), меѓувладините организации и невладините организации[7] можат да аплицираат за статус на набљудувач на седниците на *COSP*.

*COSP* се состанува на секои две години и усвојува резолуции и одлуки насочени кон создавање капацитети на и соработка меѓу државите-страни за да се постигнат целите на конвенцијата, како и промовирање и ревидирање на нејзината имплементација. Таа работи според Деловникот за работа усвоен од *COSP*.

- **Државите-страни** можат активно и целосно да учествуваат во седниците на *COSP*, вклучително и во усвојувањето на резолуции и одлуки, без разлика дали со консензус или глас. Државите-страни, исто така, може да учествуваат во работни групи и експертски состаноци.

- **Набљудувачите** може да присуствуваат на пленарни седници на *COSP*, да даваат изјави, да поднесуваат информации во писмена форма и да примаат документи на *COSP*. Една специфична категорија на набљудувачи - потписнички – исто така, можат да присуствуваат на „непленарни“ седници на *COSP* (на пр., неформални состаноци) и да држат говори за време на советодавен процес. Набљудувачите не може да учествуваат во усвојувањето резолуции или одлуки од страна на *COSP*.

[5] Деловник за работа, Правило 14 www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/rules-ofprocedure.html.

[6] Деловник за работа, Правило 15

[7] Деловник за работа, Правило 16

## Што прават ГО на седници на *COSP*?

**ГО може да присуствуваат на седници на *COSP***:[8] ГО што имаат консултативен статус со Економскиот и социјалниот совет (*ECOSOC*) може да поднесат барање за статус на набљудувачи и тој треба автоматски да се додели, освен ако *COSP* не одлучи поинаку. ГО што немаат консултативен статус со *ECOSOC*, исто така, може да поднесат барање за статус на набљудувач, но постапката е малку пословожена.[9]

**ГО може да даваат писмени поднесоци**: Поднесоците – подложени на ограничување на зборовите – стануваат дел од официјалната документација на конференцијата. Тие се објавуваат на интернет-страницата на конференцијата и може да им се поделат на државите-страни преку формални канали.[10] Во претходни седници на *COSP*, ГО имаат поднесено извршни резимеа за извештаите од ревизија на ГО за усогласеност на земјата и изјави со кои се бара конкретно дејство кое треба да се преземе на *COSP*.

**ГО може да даваат усни изјави**: За време на пленарните седници,[11] претставниците на невладините набљудувачи што се регистрираат за обраќање се повикуваат откако ќе завршат сите говорници од државите-страни и меѓувладините организации.

**ГО може да организираат придружни настани:** Тоа се состаноци, презентации или панел дискусии на наслови поврзани со УНКАК, но надвор оф официјалната агенда на конференцијата. За време на четвртата *COSP* во октомври 2011 година, ГО организираа панел дискусија за правото на пристап до информации и најдобри практики за поврат на средства и против перење пари. За време на петтата *COSP* во ноември 2013 година,

---

[8] Деловник за работа, Правило 17

[9] Листа на ГО што не се членки на *ECOSOC* и кои поднесуваат барање им се дели на сите држави-страни кои, пак, можат да се спротивстават на учеството на една или повеќе од нив, и ако има приговор, предметот ќе биде упатен до *COSP* за одлучување.

[10] Должината на изјавата треба да биде во согласност со Резолуцијата на *ECOSOC* од 1996/31. Став 37(г) и (д) ги ограничува писмените изјави што ги даваат ГО во консултативен статус на 2.000 (општ консултативен статус) или 1.500 (специјален консултативен статус) зборови по документ, вклучувајќи ги и фуснотите.

[11] Деловник за работа, Правило 17, став 3(б).

ГО организираа панел дискусија за напредокот на процесот на ревизија на УНКАК и презентираа препораки за подобрување.

**ГО може да организираат средби со владини претставници**: Тие може да ги застапуваат исходите од *COSP* и да дискутираат за антикорупциските напори на нивната држава.



## ПОМОШНИ ТЕЛА

*COSP* има основано голем број „помошни тела“. Досега, сите тие беа „отворени меѓувладини групи“ составени од претставници на сите државистрани, без постојани членови. Тие се основани да даваат совети и препораки на *COSP* за да помогнат во реализирањето на нејзиниот мандат. Нивните извештаи, користејќи го јазикот на резолуцијата, ги повикуваат земјите да преземат одредени дејства или да побараат од УНОДЦ да спроведе конкретна работа.

**Група за ревизија на имплементација (*IRG*)**: *IRG* се состанува најмалку еднаш годишно и за тоа ѝ дава извештај на *COSP*. Во пракса, таа има одржано два состанока од нејзиното создавање во 2009 година. Таа го надгледува процесот на ревизија на УНКАК со цел „да ги утврди предизвиците и добрите практики и да ги разгледа барањата за техничка помош со цел да осигури ефективна имплементација на Конвенцијата“. *IRG* не дискутира за и не усвојува извештаи од ревизија на земји. Таа има за задача да дискутира за тематски извештаи за имплементација изготвени од *UNODC*.[12] Врз основа на своите размислувања, *IRG* може да поднесува препораки и заклучоци до *COSP* за нивно разгледување и одобрување.

[12] Извештајот за тематска имплементација е документ, организиран по теми, за потреби од најчестите и релевантни информации за успесите, добрите практики, предизвици, забелешки и техника помош содржани во извештаите од ревизија на земји. Истиот го подготвува УНОДЦ.

## Што ГО може да прават на состаноци на *IRG*?
## Брифинг на *IRG* за граѓанските организации

Иако на земјите потписнички и меѓувладините организации им е дозволено да присуствуваат на состаноци на *IRG* како набљудувачи, граѓанските организации досега беа исклучени. Тие беа исклучени по приговорите од неколку држави-страни, но во спротивност од Деловникот за работа.

На четвртата седница на *COSP* во Маракеш во 2011 година,владините дебати за приемот на ГО како набљудувачи доведоа до привремен компромис. Владите се договорија за давање „брифинг“ од страна ГО на крајот од состаноците на *IRG* во врска со исходите од процесот на ревизија, вклучувајќи ги и утврдените потреби од техничка помош. Само ГО со консултативен статус во *ECOSOC* или ГО примени да учествуваат како набљудувачи во *COSP* пред брифингот може да присуствуваат и да даваат усни и писмени изјави. Тој брифинг се смета за несоодветна замена за статус на набљудувач и беше предмет на застапување на ГО.[13]

**Работните групи и експертските состаноци**: Досега имаше две работни групи, една за превентивни мерки, а другата за поврат на средства. Се одржуваат и експертски состаноци се меѓународна соработка. Моментално, граѓанските организации се исклучени од присуство на сесиите на работните групи како набљудувачи – спротивно од Деловникот за работа – и се залагаат за тоа да добијат статус на набљудувачи.

[13] Видете ги документите дадени како пример што се подготвени од Коалицијата на УНКАК, мрежа од ГО што промовира ратификација, имплементација и следење на УНКАК.

### Зошто на граѓанското општество треба да му се дозволи да присуствува на состаноци на помошните тела на УНКАК?

Транспарентноста и граѓанските организации се од суштинско значење за борбата против корупцијата. Тоа е прикажано во многу членови од УНКАК. ГО нудат вредна експертиза и совети за владини иницијативи, а поддршката на широката јавност е клучна за ефикасна имплементација.

Сепак, од 2010 година, ГО се исклучени од учеството како набљудувачи на состаноците на помошните тела на УНКАК. Тоа ги нарушува применливиот деловник за работа, кој е многу јасен.

Според **Правило 2**, деловникот за работа на *COSP* мора да се применува *mutatis mutandis*[14] на помошните органи основани согласно член 63 од УНКАК. Тие тела ја вклучуваат и Групата за ревизија на имплементацијата, Работната група за превенција и Работната група за поврат на средства.

Според тоа, следните правила се однесуваат на *IRG* и работните групи *mutatis mutandis*: **Правило 17** вели дека ГО можат да учествуваат како набљудувачи во пленарните седници на *COSP*. **Правило 40** вели дека пленарните седници на *COSP* треба да бидат јавни, освен ако *COSP* не одлучи поинаку.

[14] „*Mutatis mutandis*“ значи промена [само] на оние работи што треба да се променат.

Неколку држави-страни на конвенцијата што сакаат да се исклучат набљудувачите од ГО тврдат дека Правило 17 не се однесува на помошни тела, заради упатувањето на „пленарни седници“. Тоа толкување не е вистинито. Тоа не го дава значењето на изразот „*mutatis mutandis*“. Го игнорира фактот сека помошните тела донесуваат одлуки на пленарни седници и дека согласно **Правило 40** нивните седници треба да бидат јавни. Тоа, исто така, е во спротивност со праксата на ОН во Женева и Њујорк, каде работните групи се јавни и отворени за набљудувачи од ГО, освен ако работната група не одлучи поинаку.

И најважно, исклучувањето на ГО не е во согласност со идеалите на транспарентноста и соработката со повеќе засегнати страни што ги содржи УНКАК.

Исклучувањето на ГО им штети на угледот и кредибилноста на ОН и УНКАК и тоа треба брзо да се реши.[15]

[15] Џилијан Дел, „Следете ги правилата за Статус на набљудувач од невладини организации во Помошните тела на *COSP*“, блог, 15 ноември 2013 г., http://uncaccoalition.org/learn-more/blog/297-follow-the-rules-on¬ngo-observer-status-in-*COSP*-subsidiary-bodies.

## КАНЦЕЛАРИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ДРОГА И КРИМИНАЛ



УНОДЦ служи како секретаријат на *COSP* и ѝ дава помош на неа и нејзините помошни тела. Таа, исто така, обезбедува и техничка помош на држави, поддржувајќи ја нивната имплементација на УНКАК. Шефот на главната канцеларија на УНОДЦ кој му дава услуги на секретаријатот на *COSP* се назначува како Секретар на Конференцијата.

> За повеќе детали за институциите и нивните функции, посетете ја Коалицијата на УНКАК и интернет-страниците на секретаријатот на УНКАК: www.uncaccoalition.org/*COSP* и www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/CAC-*COSP*.html.

## 3.3 МЕХАНИЗАМ ЗА РЕВИЗИЈА НА УНКАК

Механизмот за ревизија на УНКАК е создаден со усвојувањето на Работните задачи[16] на третата седница на *COSP* во Доха во 2009 година.

Тие содржат постапки и процеси за експертска ревизија на имплементација на УНКАК од страна на земјите и опфаќа надзорно тело наречено Група за ревизија на имплементација (опишано погоре).

> Транспаренси Интернешнл има подготвено видеа за обука за ГО во процесот на ревизија на УНКАК, видете www.uncaccoalition.org/uncac-review/uncac¬review-mechanism.

### КАКО ФУНКЦИОНИРА МЕХАНИЗМОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА УНКАК?

Процесот на ревизија се состои од два четиригодишни циклуси:

- Првиот циклус (2010-2015) го опфаќа поглавје III за криминализација и спроведување закони и поглавје IV за меѓународна соработка

- Вториот циклус (2015-2020) ќе го опфати поглавје II за превентивни мерки и поглавје V за поврат на средства

Речиси на четвртина од државите-страни им се закажува ревизија во секоја од првите четири години, со петтата година резервирана за непредвидени одложувања или земји кои пристапиле во текот на циклусот на ревизија. Секоја ревизија на земји треба да трае приближно шест месеци, но во првиот циклус на ревизијата често се случуваат значителни одложувања.

[16] Работни задачи за Механизмот за ревизија на имплементација, www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/ReviewMechanism-BasicDocuments/Mechanism_for_the_Review_of_Implementation_-_Basic_Documents_-_E.pdf .




## Клучни принципи на механизмот за ревизија[17]

- Транспарентен, ефикасен, неинтрузивен, инклузивен и непристрасен
- Дава можности за споделување добри практики и предизвици
- Не создава никаква форма на рангирање
- Не е во спротивност и не вклучува казнувања
- Ги утврдува потешкотиите со кои се соочуваат државите-страни во спроведување на УНКАК
- Утврдува добри практики усвоени во напори на државите-страни за спроведување на УНКАК
- Да биде технички и да промовира конструктивна соработка
- Ги надополнува постојните меѓународни и регионални механизми за ревизија

[17] Ибид.

## ФАЗИ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈА НА УНКАК

Процесот на ревизија се состои од четири различни фази.

### Фаза I: Самооценување

УНОДЦ ја известува секоја држава-страна која е под ревизија за започнувањето на процесот на ревизија, а од земјата што се ревидира се бара да утврди и да ѝ испрати на УНОДЦ **главна точка** која ќе го координира учеството на земјата во ревизијата. Главната точка може да биде индивидуално, постојно тело или оддел на министерство или меѓуминистерска група основана токму за таа задача. Државата-страна потоа треба да ја пополни **листа на проверка за самооценување**, користејќи специјален софтвер.[18]

### Фаза II: Експертска ревизија

Експертската ревизија се спроведува од два ревизорски земји (една од ист географски регион со земјата што се ревидира), кои внимателно се избрани и се задолжени да обезбедат експерти за формирање **експертски тим за ревизија**. Тој тим работи заедно во ревизијата на одговорите наведени на листата на проверка за самооценување дадени од земјата што се ревидира.

УНОДЦ ја добива пополнетата листа на проверка и ја праќа на ревизија кај тимот од експерти. Со поддршка од УНОДЦ, експертите што ја вршат ревизијата подготвуваат **ревизија на документација**, анализирајќи ги одговорите во листата на проверка. Анализата на документацијата може да содржи барања за дополнителни информации. УНОДЦ ја испраќа анализата на документација до земјата во која се врши ревизијата за да даде коментар.

**Директен дијалог** меѓу ревизорскиот тим и земјата што се ревидира се одвива преку конференциски повици и, ако се согласи земјата што се ревидира, преку посета на земјата (или во УНОДЦ во Виена).

[18] Видете ја Деталната листа на проверка за самооценување за имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/self¬assessment.html.

## Фаза III: Извештај од ревизија на земја и извршно резиме

Ревизорскиот тим од експерти подготвуваат нацрт **извештај од ревизија на земја**, со поддршка на УНОДЦ. Нацрт извештајот се испраќа за одобрување на државата-страна која се ревидира. Во случај на несогласување, вклучените експерти ќе учествуваат во дијалог со цел да постигнат консензуален и финален извештај. Финалните извештаи се со должина од 80 до 300 страници.

Ако ревидираната земја се согласи, целосниот извештај се објавува само на интернет-страницата на УНОДЦ: сè повеќе земји се согласуваат на објавување на истиот.

Ревизорскиот тим експерти, со помош на УНОДЦ, подготвува **извршно резиме** за извештајот, од околу 7-12 страници. Кога ќе се заврши, извршното резиме, автоматски, ќе биде објавено на интернет-страницата на УНОДЦ.

### Што содржат извештаите за земјите на УНКАК?

Првиот циклус на ревизија (2010-2015) ги опфаќа прашањата за криминализација и спроведување на закони (поглавје III) и меѓународна соработка (поглавје IV). Вториот циклус на ревизија (2015-2020) опфаќа превентивни мерки (поглавје II) и поврат на средства (поглавје V). Следствено, извештаите и соодветните извршни резимеа за секој циклус содржат информации кои се однесуваат само на овие области.

Извршното резиме на една земја содржи:
1. Забелешки за имплементацијата на членовите што се ревидираат (наодите)
2. Успеси и добри практики (дополнителни наоди)
3. Предизвици во имплементацијата, каде што е применливо (препораки за подобрување)
4. Утврдени потреби од техничка помош за да се подобри имплементацијата на УНКАК.[19]

[19] Видете: www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/ReviewMechanism¬BasicDocuments/Mechanism_for_the_Review_of_Implementation_-_Basic_Documents_-_E.pdf.

Целосниот извештај го содржи материјалот од изврШното резиме, како и следното:
1. Детален опис на одредби од национално законодавство и колку тие одговараат на УНКАК. Тие често се надополнуваат со забелешки за нивната примена во пракса и толкувања што ги прават судовите.
2. Резиме на судски случаи кое покажува имплементација на одредени членови од УНКАК.
3. Статистика за одредени кривична дела—корупција и за форми на меѓународна соработка.

### Фаза IV: Следење

Моментално нема процес на следење со кој ќе се провери дали земјите во кои е извршена ревизија вовеле реформи во согласност со препораките од ревизијата, иако таквото следете е предвидено во Работните задачи за механизмот за ревизија. Меѓутоа, земјата во која е извршена ревизија може да поднесе барања за техничка помош.

# 4

# СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА УНКАК



Следењето на имплементацијата на УНКАК во една земја вклучува проценување и на добрите практики и на недостатоците на имплементацијата. Ова значи документирање и оценување на легислативата и другите мерки преземени од страна на државите – страни за стандардите утврдени во УНКАК. Ова ќе овозможи основа за посебни препораки за подобрување и за застапување засновано на УНКАК за достигнување на ваквите подобрувања.

> Запомнете дека наодите од вашето следење ќе обезбедат докази за вашето застапување. Цврстата доказна основа ќе доведе до силно застапување и промени.

## 4.1 КАКО ДА ОДЛУЧИТЕ ШТО ДА СЛЕДИТЕ

Што ќе одлучите да следите зависи од бројот на контекстуални и организациски аспекти. Фокусот може да биде на едно прашање, на неколку приоритетни прашања, на поглавје или на целата конвенција.

### Контекстуални аспекти

Доколку вашата земја е под ревизија на механизмот за ревизија на УНКАК, можете да изберете следење на имплементацијата, заедно со процесот на ревизија за изготвување на **паралелен извештај од ревизијата на земјата**, кој или ќе го поткрепи официјалниот извештај од ревизијата или ќе ги потенцира различните прашања и корупциски предизвици. Овој пристап може да биде колаборативен – кој официјалната ревизија ќе ја надополнува, дури и ќе обезбедува податоци за неа - или може да биде понезависен. Во идеален случај, процесот на подготовка на извештајот ќе ви дозволи да развиете конструктивни врски со главната точка на вашата влада и ќе ви помогне да ги олесните идните напори за застапување со носителите на одлуки.

Доколку вашата земја веќе била под ревизија, можете да изберете да го следите **напредокот од таа ревизија**. Како основа за следење на реакциите на владата на наодите од механизмот за ревизијата, овој пристап ќе ги користи официјалната ревизија и препораките.

На крај, доколку вашата земја има особени проблеми со корупција кои не се третирани во тековниот циклус на ревизија, можеби ќе сакате да се концентрирате на **различните прашања од механизмот за ревизија на УНКАК**. На пример, додека можеби во вашата земја се спроведува ревизија од првиот циклус на криминализација и меѓународна соработка, можеби ќе сметате дека поголем приоритет во вашата земја е справување со повратот на средства.

Доколку вашата земја сè уште не ја ратификувала УНКАК, вие пак можете да се одлучите да спроведувате следење. Со ова ќе бидете подготвени да ѝ помогнете на вашата земја да ги воведе неопходните реформи за усогласување со УНКАК и да стане важен сојузник (видете Прилог 7).

## Организациски аспекти

Размислете каков вид на следење би бил **соодветен** за идната работа на вашата организација. Размислете како стратегиските приоритети на вашата организација можат да се подобрат преку следење. Следењето би требало да придонесе или кон тековните проекти и застапувања или кон создавање основа за нови.

Проценете ги **времето и ресурсите** кои ви се потребни за следење. Може да побарате совет од други организации од нивните искуства со следење на конвенции на ОН. Размислете за секој чекор од процесот на ревизија, колку луѓе треба да бидат вклучени, потребното ниво на експертиза и за тоа дали треба да побарате помош од други организации. Ова ќе ви помогне при дефинирањето на очекувањата, при планирање на буџетот за следењето и координација со другите.

Размислете дали постојат други организации со кои би можеле да **соработувате** во поглед на прибирање информации: граѓанските организации можат меѓусебно да се надополнуваат при прибирање информации. Квалитетот на следењето се подобрува преку земање на постојни податоци и информации и нивно ажурирање, преку користење на прашалници изготвени од други и преку споделување на искуства и потешкотии. Што се однесува до фазата на застапување, надградувањето на искуството на другите и споделувањето на работата заштедува труд и средства и ја проширува основата на поддршката за исходите од следењето.

## Достапност на информации

Честопати достапноста на информации знае да биде голема пречка за ефективно следење. Податоците за примената и спроведувањето на одредбите може да не бидат запишани или собрани. Дури и во земји со функционална слобода на информациските режими, информациите тешко се добиваат. Многу ГО се соочиле со тешкотии при добивање статистика за спроведување на закони и судска пракса.

> Доколку постои недостаток на информации или ограничен пристап до официјални ревизиски процеси, тоа ќе биде важен наод во самото следење. Истото може да се искористи како основа за застапување за зголемени мерки за транспарентност.

## 4.2 СЛЕДЕЊЕТО ОБЈАСНЕТО ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

Што и да се одлучите да следите, целта е да се процени до кој степен се имплементирани стандардите на УНКАК во вашата земја. Методите на истражување и прибирање податоци треба да опфатат различни методи. Главен метод е **анализа на документацијата** од постојните позитивни закони и на мерките за примена и спроведување на законот, како и **интервјуа со клучни информатори**. Во дискусиите за спроведувањето, важни е да имате информации за случаи и истраги.

> Можете да ја информирате владата за вашата намера да спроведете евалуација на резултатите на земјата околу имплементацијата на одредбите на УНКАК. Покажете дека сте заинтересирани за нивен повратен одговор за нацрт верзијата од вашата евалуација.



## Задолжителни и незадолжителни одредби

При следење на усогласеноста со УНКАК, клучно е да се разбере разликата помеѓу задолжителните и незадолжителните одредби.

**Задолжителни одредби** се оние одредби кои државата-страна во конвенцијата, мора да ги имплементира. Обично се обележани на следниот начин: Секоја држава–страна „ќе усвои“.

**Незадолжителни одредби** се оние одредби кои државите–страни не се обврзани да ги имплементираат, иако тоа е препорачливо. Вообичаениот вокабулар би бил: „Секоја држава–страна ќе направи напор да усвои ...“,[20] или „Секоја држава–страна ќе размисли за усвојување ...“

**Опционалните мерки** обично се обележани на следниот начин: државите–страни „можат да земат предвид усвојување на...“ Целосно право на државите–страни е дали ќе имплементираат одредба или не.
[21]

Имајте предвид дека многу одредби имаат задолжителни и незадолжителни ставови (на пример, член 37).

[20] Примери на превентивни мерки (поглавје II): превентивни антикорупциски политики (став 2 и 3, член 5), јавен сектор (став 1 и 4, член 7), одредби за анкетни листови ( став 4, член 7); Примери за меѓународна соработка (поглавје IV), брза екстрадиција (став 9 од член 44)

[21] Примери за меѓународна соработка (поглавје IV): пренос на осудени лица (член 45), меѓународна соработка во отсуство на двојна криминалност (став 9(б), член 46).

## ЗА ВАШЕТО СЛЕДЕЊЕ СЕ ПРЕПОРАЧУВААТ СЛЕДНИТЕ ЧЕКОРИ:

### ЧЕКОР 1: Детално проучување на членовите на УНКАК

Одредбите од УНКАК често се општо формулирани и граѓанските организации – како и нивните влади – мора да размислат што ваквите критериуми значат во пракса. Легислативните[22] и техничките[23] насоки за УНКАК, подготвени од Канцеларијата на ОН за дрога и криминал и *travaux preparatoires* на преговорите за подготовка на УНКАК[24] се важни алатки кои ќе ви помогнат подобро да ги разберете одредбите. Се препорачува и консултирање со експерти.

[22] Видете Законодавен водич за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупција на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал, http://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/legislative-guide.html."

[23] Видете Технички водич за Конвенцијата на Обединетите Нации против корупција на Канцеларијата на ОН за дрога и криминал, unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/technical-guide.html.

[24] Видете Travaux Préparatoires за преговорите за обработка на Конвенцијата на ОН против корупција http://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/travaux-preparatoires.html.

## ЧЕКОР 2: Дефинирање на формата на вашето следење

Овој чекор опфаќа утврдување на прашањата или показателите кои ќе ги користете за следење на резултатите на вашата земја. Можеби сте одлучиле да изготвите ваш извештај или да коментирате за официјалниот извештај од ревизија на земјата, кога истиот ќе се објави. За што и да се решите, потребно е однапред да одлучите за формата на вашето следење, имајќи ги предвид целите за застапување.

Доколку изготвувате ваш, паралелен извештај од ревизија на земјата, можеби ќе сакате да изберете прашања од листата на проверка за самооценување, користена од владите[25] или пак, ќе создадете ваш прашалник. Доколку работите на криминализација и спроведување, можете да ги искористете насоките и обрасците за извештаи на „Транспаренси Интернешнл" (видете Прилог 3).

„Транспаренси Интернешнл", исто така, има подготвено насоки и образец за давање коментари за официјалните извештаи од ревизии на УНКАК (видете Прилог 4).

[25] Видете Сеопфатна листа за самооценување на имплементација на Конвенцијата ана ОН против корупција http://www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/self-assessment.html.

## ЧЕКОР 3: Спроведување истражување за тоа дали УНКАК е целосно пренесена во вашата национална легислатива

Библиотеката за правна литература „ТРАК“ (*TRACK*), основана од Канцеларијата на ОН за дрога и криминал, содржи закони и правни студии и информации за антикорупциски власти во повеќе од 175 земји, наредени по азбучен ред и по земја и по членки на УНКАК.[26] Ова ќе ви помогне да ги забрзате истражувањето и анализата.

Исто така, треба да погледнете и извештаи од механизмите за следење на други меѓународни антикорупциски инструменти, како што е Конвенцијата против земање поткуп на Организацијата за економска соработка и развој (*OECD*),[27] Внатрешно-американската конвенција против корупција,[28] или конвенциите и инструментите следени од Група земји против корупцијата на Советот на Европа (*GRECO*).[29] Изјавите на владините претставници на антикорупциските форуми или пред печатот, исто така, можат да бидат информативни и да се воведат во подоцнежните активности за застапување.

[26] Видете Библиотека за закони „ТРАК“ http://www.track.unodc.org/LegalLibrary/Pages/home.aspx

[27] Видете извештаи за земјата за имплементацијата на Конвенцијата против земање поткуп на OECD,www.oecd.org/daf/anti-ribery/countryreportsontheimplementationoftheoecdanti¬briberyconvention.htm.

[28] Видете ги извештаите за Механизмот за последователно следење на имплементацијата на Внатрешно-американската конвенција против корупција, http://www.oas.org/juridico/english/mesicic

[29] Видете ги евалуациите на *GRECO*, www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/index_ en.asp.

## ЧЕКОР 4: Спроведување истражување за примената или спроведувањето на одредбите со кои се имплементира УНКАК

Без оглед дали следите одредби за спречување, криминализација или поврат на средства, важно е да се провери законската рамка, како и институционалните спогодби, политики и практики. Постојат ли конкретни превентивни мерки? Имало ли успешни случаи на меѓународна соработка или поврат на средства? За поглавје III – криминализација и спроведување – постои група прашања кои треба да се земат предвид, и покрај законската рамка. Дали надлежните органи за спроведување се доволно независни, имаат ли доволно средства и експертиза? Има ли истраги за случаи со корупција, тужби и осудувања на сторителите на коруптивни дела? Какви казни им се изречени? Спроведете темелно пребарување на интернет за какви било достапни информации за случаи или истраги,[30] вклучувајќи и вести или други веродостојни публикации[31] и статистички податоци од владата. Доколку ваквите информации не се достапни на интернет, може ќе ви биде потребно повеќе време за нивно добивање.

> Следењето треба да се повторува на неколку години заради прибирање податоци и бележење на напредокот. Имајќи го предвид фактот што петгодишниот циклус на ревизијата на УНКАК често е подложен на одложувања, подобро би било самостојно да си ги планирате циклусите на следење.

[30] Годишните извештаи за земјата за практиките за човекови права од Стејт Департментот имаат дел за „Официјална корупција и владина транспарентност“ и содржат информации за случаи и истраги http://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/index.htm

[31] За секој споменат случај или истрага, треба да се наведе цитат во фуснота, препорачливо со интернет линк. Доколку користете добиени податоци, наведете го изворот.

## 4.3 МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ И ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ

### Прашалници: Владини функционери и експерти

Прашалниците се ефективен начин да се добијат основни информации од јавните функционери, експерти во антикорупциските тела и тела за надзор или академци и независни правни експерти.[32]

Добрите прашалници се добро структурирани и содржат неколку главни прашања кои можат да се поделат во две или три потпрашања. Треба да направите неколку отворени прашања кои на пополнувачите ќе им оставаат простор да ги искажат своите идеи. Пред да го испратете прашалникот, добро би било прво да го тестирате за да се уверите дека ќе ги добиете вистинските информации и дека истиот не е двосмислен. Соработката со истражувачка институција може да ви помогне за постигнување значителни резултати, а опција е и додавање прашања на УНКАК за поврзани истражување.

### Интервјуа: Владини функционери и експерти

Интервјуата – по телефон или лично – се алтернатива на пишаните истражувања. Можете да интервјуирате владини функционери или експерти кои работат на поврзани прашања: на пример, адвокати за прашања поврзани со криминализација, здруженија за заштита на жртви или правник за прашања во приватниот сектор.

Интервјуата можат да бидат полуструктурирани или отворени или пак, можат да бидат построго структурирани со затворени прашања.

Кога работите со владини функционери, оставете си доволно време за закажување на состаноците. Исто така, паметно е да ги доставите прашањата пред интервјуто и да објасните како ќе се користат одговорите. Треба однапред да разговарате како дадените информации од интервјуираните ќе се пренесат во крајниот производ.

32 Повеќе информации за алатките на истражувања на интернет, создадени за граѓанските организации: Eric Leland, ‘A Few Good Online Survey Tools’, February 2011, www.idealware.org/ articles/ fgt_online_surveys.php.

## Совети за истражувањето

За подобрување на ефективноста и квалитетот на следењето:
– Споделувајте ги нацрт верзиите со владата и со другите експерти, бидејќи ова помага за избегнување грешки и се започнува со градење конструктивни врски за идно застапување.
– Барајте бесплатна помош од магистранди, академци или адвокати.
– Разгласете и дајте им до знаење на луѓето дека ќе спроведете следење: и други владини органи, академци, аналитички центри, граѓански организации, новинари и лица можат да придонесат или да споделат вредни информации и сфаќања.
– Споделете ги напорите преку градење врски со други организации и преку воведување експертиза од различни полиња за создавање извештаи кои се поддржани од неколку организации.

Запомнете дека луѓето на кои им пристапувате и со кои градите врски за време на фазата на следење, исто така, можат да бидат значајни сојузници во вашата работа со застапување.

## 4.4 ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СЛЕДЕЊЕТО

**Резултатите од вашето следење** можат да бидат основа за ефективно застапување. Извештај од граѓанското следење е важна алатка за застапување.

Извештајот од следење треба да овозможи проценка заснована на докази за воведувањето на УНКАК во областите кои се froследеле. Ова треба да резултира со оправдани заклучоци и препораки за промена.

Сите податоци треба да се јасни, концизни и лесни за користење, вклучувајќи ги и графиконите и табелите каде истите се соодветни. Препорачливо е да користете детални референции. Изворите треба да се цитираат или во текстот или во фусноти. Изјавите кои содржат наводи за несоодветно однесување од кое било лице или организација треба да се поткрепени со референции од веродостојни извори и треба многу да се внимава да се избегнуваат клевети. Препорачливо е извештаите кои содржат вакви наводи прво да се прегледаат од адвокат.

Најголемо влијание ќе има извештајот од граѓанското општество, доколку презентацијата на наоди и препораките од следењето се поврзани со **конкретни цели за застапување**.

Насоки како да се изготви паралелен извештај на граѓанското општество и коментари за официјални извештаи од ревизија, како и обрасци, можат да се најдат во Прилог 3 и 4.

# 5

# ЗАСТАПУВАЊЕ
# ЗА ПОДОБРУВАЊЕ
# НА НАЦИОНАЛНИТЕ
# АНТИКОРУПЦИСКИ МЕРКИ



Застапувањето засновано на УНКАК има за цел да постигне значителни подобрувања во антикорупцискиот систем на земјата, преку истакнување на стандардите во УНКАК и преку повикување на владата да ги исполни своите обврски според УНКАК. Како што е случај за секое застапување, неопходно е да се развие ефективна стратегија за застапување. Во овој дел дадени се предлози за процесот на планирање на застапувањето.

> За сеопфатен пристап за застапувањето, ве молиме погледнете го водичот за планирање застапување на Транспаренси Интернешнл.[33]

[33] „Транспаренси Интернешнл“, Создавање антикорупциски план за застапување: Водич чекор по чекор, (Берлин: Transparency International, 2013), www.uncaccoalition.org/learn-more/resources/finish/49-advocacy/391-developing-an-advocacy-plan-a-step-by-step-guide-transparency-international.

## 5.1 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КЛУЧНИ ПРАШАЊА И ЦЕЛИ НА ЗАСТАПУВАЊЕТО

Вашата организација можеби веќе ги идентификувала слабостите во антикорупциската рамка во вашата земја, за кои смета дека се приоритетни. Ова може да се заснова на организациските аналитички истражувања или може да се потпре на истражувањата спроведени од други организации, како што се истражувањата на Системот за национален интегритет на Транспаренси Интернешнл, во кои истакнати се недостатоците.[34] Потоа, може да утврдите кои одредби на УНКАК се релевантни и даваат насоки за резултатите на кои вашата влада се обврзала да ги постигне.

Доколку не знаете кои се клучните прашања и се обидувате да дознаете, можете да спроведете следење и да ги видите областите во кои вашата земја добро работи, а во кои области потребно е повеќе работа. Ова би биле клучните прашања (видете претходен дел). Исто така, можете да ги консултирате и наодите од ревизијата на УНКАК за земјата. Всушност, извештаите од ревизијата на земјата и нивните извршни резимеа даваат корисна содржина за цели на застапување, бидејќи истите вклучуваат јасни и концизни препораки, како и подетални откритија.

Откако ќе ги утврдите приоритетните цели за подобрена изведба, ќе бидете во можност да дадете препораки за чекорите кои владата треба да ги направи за исполнување на обврските според УНКАК. Исто така, можете да искористите и препораки содржани во „официјалниот“ извештај од ревизијата на земјата - доколку истиот е достапен – и, доколку е потребно, истите да ги дополните.

[34] Проценки од Системот за национален интегритет, http://www.transparency.org/whatwedo/nis.

## 5.2 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ АКТЕРИ ВО ПРОЦЕСОТ НА НОСЕЊЕ ОДЛУКИ И ДРУГИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Разбирањето на процесот на носење одлуки во врска со целите за застапување, е предуслов за идентификација на клучните засегнати страни.

Во случај на застапување засновано на УНКАК, моќта за промени е во рацете на земјата – извршната и законодавната власт мора да носат закони, да направат неопходни институционални промени и да гарантираат примена и спроведување на законите во пракса.

Кога веќе е јасно која ја има моќта за промени, треба да ги земете предвид засегнатите страни кои можат да извршат влијание. Приватниот сектор може да биде моќен сојузник, а ГО во другите области, исто така, можеби одржуваат добри врски и имаат значително влијание кај носителите на одлуки.

> Доколку вие или вашите организации – партнери веќе сте го завршиле следењето, сигурно веќе сте започнале со подготовки за застапување – имајте ги на ум контактите со клучните засегнати страни при изготвувањето на извештајот од следењето.

## 5.3 ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА КЛУЧНИ ПОРАКИ

За максимален учинок, клучните пораки треба да ги утврдат проблемите и да дадат јасни решенија или да предложат дејствија за носителите на одлуки и да бидат по теркот на одредена публика.

Пораките треба да се фокусирани и јасни, конзистентни и разбирливи:
– Фокусирани: изберете една или ограничен број тесно поврзани теми
– Јасни: бидете директни
- Конзистентни: можеби ќе треба за истата цел да застапувате со години
– Разбирливи: аргументите треба меѓусебно да се надополнуваат

Треба да утврдите што сакате вашата публика да направи и што публиката може да направи за исполнување на вашата цел за застапување. На пример, од приватни друштва не можете да побарате да усвојат закони со кои се криминализира надворешниот поткуп - тоа не е во нивна моќ но, сепак можат истото на различни начини да го поддржат.

> Потсетете ја вашата публика дека кога вашата земја ќе ја ратификува УНКАК, истата е обврзана на имплементација и примена на одредбите содржани во истата.

## Пример за клучни пораки

Можеби како проблем сте го идентификувале тоа што надворешниот поткуп не е криминализиран во вашата земја, што е во спротивност на член 16 од УНКАК.

Вашата цел е истото да се криминализира, затоа ќе имате за цел да ја убедите вашата влада да претстави нацрт-закон за оваа тема пред парламентот.

Вашите клучни пораки треба да содржат силни аргументи и докази, склопени според вашето застапување (размислете што би ги убедило да дејствуваат):
– Надворешниот поткуп среднорочно ѝ штети на конкурентноста на друштвата за поткуп; истото може да има последици врз целиот сектор на национална економија. *Министерството за економија* веројатно ќе го земе предвид овој аргумент.
- За *Министерството за правда* можеби ќе биде доволен фактот што ова е договорена рамка на меѓународната борба против корупцијата и што вашата влада веќе се обврзала на истото.
– Доколку *Министерството за надворешни работи* има во план некогаш да биде домаќин или да учествува на големи регионални или меѓународни настани каде ќе учествуваат важни земји партнери, би можеле да ги потсетете дека би било засрамувачки да објаснуваат зошто надворешниот поткуп уште не е криминализиран.
– Доколку вашата земја дава значителни средства за развој, можно е одговорната агенција да не биде задоволна од нивото на корупција во земјите кои примаат помош; вие би можеле да кажете дека корупцијата во ваквите земји е влошена од надворешниот поткуп од вашата земја.

Доколку не можете да ја убедите владата да го предложи законот, можеби комисијата или пратениците ќе бидат заинтересирани да го поддржат истиот. Пред избори, политичарите често се возбудени за вклучување во вакви проекти од висок профил.

Дури и со поддршка од владата или друг вид поддршка, за законот сепак ќе ви треба поддршка од мнозинството. Вашите пораки ќе бидат по теркот на голем број програми и политики. Држејќи се настрана од партиска определеност, можете да истакнете разни предности на криминализирањето на надворешниот поткуп според преференциите на секоја партија.

Некои пратеници можеби негуваат блиски врски со бизнис заедницата и ќе бидат отворени за можноста на деловни здруженија и друштва; други пратеници можеби се вклучени во антикорупциски здруженија, како што е Глобалната организација на парламентарци против корупција. Доколку соработувате со голем број различни засегнати страни, ќе можете вашите пораки да ги пренесете преку разни канали. На пример, доколку успеете да убедите влијателни корпорации во нивните лобирачки приоритети да го вклучат и криминализирањето на надворешниот поткуп, ќе си ги зголемите шансите за успех.



## 5.4 УТВРДУВАЊЕ НА КЛУЧНИ МОЖНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

УНКАК е една од најважните групи на правни стандарди против корупцијата. Кога вашата организација ќе коментира за нацрт-закон, закон или за антикорупциска стратегија или кога давате интервју за медиуми, вашите аргументи ќе бидат поцврсти доколку ја користите УНКАК како основа.

Процесот на ревизија на УНКАК овозможува клучни можности за застапување на тековни препораки за носителите на одлуки и за водење на имплементацијата на УНКАК.




Имајте предвид дека многу од можностите кои процесот на ревизија на УНКАК ги нуди се дискрециони; видете дел 6 за повеќе информации.

**Состаноците на телата на УНКАК**, исто така, претставуваат добри прилики за застапување, а истите се посебно корисни кога вратите дома се затворени. Охрабрувањето од соседните земји, притисокот од партнерите, добивањето негативно внимание од меѓународната заедница и печатот можат да предизвикаат бранувања кои ќе одекнат на национално ниво и ќе влијаат врз вашата влада.

Вашите пораки можете да ги претставите на Конференцијата на државите-страни на конвенцијата (состанок на секои две години) и на брифингот на ГО од Групата за ревизија на имплементација на УНКАК (секоја година во Виена). За време на овие три состаноци, ќе имате можност да се сретнете со ваши владини претставници и да разговарате за промените кои ги барате. Исто така, ќе имате шанса да се сретнете и со други актери заинтересирани за подигање на антикорупциските стандарди, вклучувајќи ја и вашата земја.




За подетални информации за собирите на УНКАК и за можностите за застапување за ГО, видете дел 3.2.

**Други меѓународни форуми**, како што е Г-20 и состаноците на телата на другите антикорупциски конвенции или конвенции за човекови права, исто така, можат да бидат добри прилики за застапување.

## 5.5 УТВРДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

Постои широк опсег на активности за застапување кои можете да ги земете предвид, а пристапот кој ќе го примените ќе зависи од тоа врз кого сакате на влијаете.

Примери за активности за застапување се:[35]
– **Вмрежување**: остварување контакти со луѓе заради соработка и споделување информации, неформално или формално преку организирани групи.
– **Лобирање**: работење на директно влијание врз носителите на одлуки; ваквите активности вклучуваат пишување писма, испраќање реферати со став и остварување телефонски повици со влијателни луѓе и договарање посета или средба или учествување на јавен состанок или конференција.
– **Водење кампања**: мобилизација на луѓе да преземат дејства; ваквите активности вклучуваат пишување статии или реклами во весници, статии/блогови на интернет-страници, продуцирање радио програми или реклами, учествување во телевизиски интервјуа, изготвување говори, спроведување петиции на интернет, дистрибуирање на кампањски картички, листови со факти, петиции и одржување состаноци, работилници или настани.
– **Едукација и подигање на свеста**: Едукација на луѓе за тоа што значи УНКАК и за важноста на антикорупцијата; ваквите активности вклучуваат организирање јавни состаноци и митинзи, учествување во радио емитувања, пишување статии во весник и изјави во печат и дистрибуирање постери и летоци со информации.

[35] „Транспаренси Интернешнл“, Создавање антикорупциски план за застапување: Водич чекор по чекор, стр. 42-4.

Што се однесува до застапувањето на УНКАК, вашата организација може да ги земе предвид следните активности за застапување и комуникација:
– Објавување на вашиот извештај од следењето или коментари за официјалниот извештај од ревизијата на земјата (видете Прилог 3 и 4).
– Подгответе изјава за печатот и еден краток документ како резиме на наоди од извештајот од следењето или на вашите коментари за официјалниот извештај од ревизијата на земјата (максимум 3 страници)
– Организирајте брифинг со медиумите со кратки белешки (1 страница) за новинарите за приоритетните прашања
– Објавување изјава на вашата интернет-страница (изјавата за печатот е добра основа за ова)
– Започнете дискусија на социјалните медиуми
– Испратете ги по пошта вашиот извештај од следењето или коментарите за официјалниот извештај од ревизијата на земјата, заедно со извршното резиме / целосниот извештај до креаторите на политики и аналитичарите
– Напишете писма до владата со пофалби за нејзините силни страни и повикајте ја да се осврне на слабите страни (приложете го вашиот извештај од следењето или коментарите на официјалниот извештај од ревизијата на земјата)
– Организирајте состанок со соодветни владини претставници или со националната антикорупциска агенција за да ги презентирате резултатите од следењето на УНКАК или за да ги дискутирате препораките на „официјалниот“ извештај од ревизијата на земјата за УНКАК
– Организирајте настан со тркалезна маса – откако ќе помине одредено време за имплементација на препораките од ревизијата - за дискутирање на напредокот на владата и поканете владини експерти, креатори на политики, креатори на закони, правни стручњаци и, во зависност од агендата и учесниците, медиумите
– Организирајте брифинг или обука за УНКАК за пратениците или за други владини службеници
– Започнете дискусија за наоди од процесот на ревизија и/или за вашето следење во правни, криминолошки или списанија за политички науки

# 6

# ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ ТРАНСПАРЕНТЕН И ИНКЛУЗИВЕН ПРОЦЕС НА РЕВИЗИЈА НА УНКАК



УНКАК охрабрува транспарентност, сносење одговорност и учество на граѓанското општество во борбата против корупција.[36] Исто така, и Работните задачи на механизмот за ревизија повикуваат на транспарентност и инклузија.[37] Поточно, владите се охрабруваат да се консултираат со сите релевантни засегнати страни.[38]

Сепак, на земјите им е дадена и голема дискреција за тоа колку процесот на ревизија ќе биде транспарентен и отворен во нивните земји. Од нив зависи дали ќе дозволат:
- Вклученост на граѓанското општество во изготвувањето на листата на проверка за самооценување
– Објавување на интернет на одговорите од самооценувањето или директен пристап до одговорите по барање на граѓанските организации
– Инклузија на некаков вид на дијалог помеѓу граѓанското општество и експертите за ревизија, вклучувајќи и можност за доставување на писмени извештаи
– Посета во земјата со можност граѓанските групи и другите засегнати страни да се состанат и да им дадат свој уснен или писмен придонес на официјалните ревизори
– Објавување на целиот извештај од ревизијата на земјата (задолжително е само да се објави извршното резиме)

Исто така, од земјата зависи дали ќе ја објави главната точка и дали ќе даде информации за временската рамка на процесот на ревизија, бидејќи овие чекори не се изречно наведени во Работните задачи.

Оттаму, важно е ГО активно да застапуваат за транспарентност и учество за време на процесот на ревизија на УНКАК во нивната земја.

---

[36] Член 13 од УНКАК

[37] Механизам за ревизија на имплементацијата на Конвенцијата на ОН против корупција – Основни документи, www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/PUblications/ReviewMechanisam-BasicDocuments/Mechanism_for_the_Review_of_Implementation_-_Basic_Documents_-_E.pdf.

[38] Резолуција 3/1 од Конференцијата на државите – страни на УНКАК, www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/CAC-*COSP*-sessions3-resolutions.html.

На крајот од процесот, од голема помош ќе биде доколку ја оцените транспарентноста и инклузивноста на процесот: процесот на механизмот за ревизија на УНКАК може да ги разоткрие проблемите во овие области во вашата земја. Следењето на процесот на ревизија на УНКАК овозможува лакмусов тест за транспарентност и учество и може да ви помогне во истакнувањето на проблемите.[39] Доколку вашата земја не искористила некоја од многуте можности за вклучување на граѓанското општество, ова може јавно да се критикува. Сепак, доколку се поттикнувало учеството, позитивните искуства на граѓанското општество од процесот ќе помогнат во градењето врски и ќе придонесат за примери со добри практики.

> Насоките на ТИ за изготвување паралелен извештај и образец за извештај содржат дел кој може да биде корисен за следењето на процесот на ревизија (видете Прилог 3).

[39] Вашата евалуација на транспарентноста на инклузивноста на процесот на ревизија во вашата земја, исто така, може да се искористи и како алатка за меѓународно застапување за потранспарентен и поинклузивен механизам за ревизија.

## 6.1 ФАЗА I: САМООЦЕНУВАЊЕ

Откако ќе знаете дека вашата земја е избрана за ревизија во одредена година, обидете се да **дознаете која е главната точка на вашата земја**. Тоа лице или субјект и неговите/нејзините менаџери ќе бидат главни цели на застапување во рамки на владата.

Генерално, главната точка не се објавува јавно и понекогаш е тешко да се дознае. Доколку се работи за едно лице, таа или тој може да бидат вклучени во списокот на експерти од земјата на интернет-страницата на UNODC.[40] Веројатно најдобро информирано за процесот на ревизија на УНКАК би било Министерството за надворешни работи, а можно е да постои посебна единица одговорна за меѓународни договори. Друга опција е преку Министерството за правда или Министерството за внатрешни работи и антикорупциската агенција или агенции.

Следно, вашата организација, можеби заедно со други организации, треба да се обиде да ја **контактира главната точка**. Треба да ја истакнете важноста на учество на ГО и да ја покажете вашата спремност и стручност да учествувате во процесот на ревизија.

Без оглед на соработката на владата, можете да ја **информирате владата** за вашата намера да спроведете евалуација на резултатите на земјата околу имплементацијата на одредбите на УНКАК и спроведувањето на процесот на ревизија. Покажете дека сте заинтересирани за нивен повратен одговор за првичната верзија на вашата евалуација

Доколку правите **извештај за следење** и истиот е готов релативно рано, доставете го до главната точка за да може владата да го земе предвид во изготвувањето на нејзиното самооценување.

На крај, откако владата ќе ги комплетира одговорите на **листата на проверка за самооценување**, инсистирајте **истите да бидат објавени**.

[40] Владини експерти за механизмот за ревизија на УНКАК , www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/IRG-experts.html.

### Примери за учество на ГО: Камбоџа

Во Камбоџа, владата презела чекори да биде инклузивна во фазата на самооценување од процесот на ревизија. Владата назначила управен одбор од 16 члена кои претставуваат различни засегнати страни, вклучувајќи ги владината антикорупциска институција (како претседавач), националното собрание, сенатот, националното тело за ревизија, банкарскиот инспекторат, судството, академскиот свет, приватниот сектор и граѓанското општество.

Одборот имал задача да одигра надзорна улога во самооценувањето, овозможувајќи повратен одговор за извештајот на владиното самооценување на членовите под ревизија од УНКАК и одобрување на истиот пред да се достави до премиерот. Самооценувањето го спровеле група експерти назначени од одборот.

Ваквиот пристап овозможил можности за вкрстена проверка на податоците и информациите и овозможил дебата и вметнување на перспективите и препораките на ГО. Одборот, исто така, ја подигнал широката свест за обврските на владата, согласно УНКАК, и улогата на процесот на ревизија, како и зајакнатите односи помеѓу владата и ГО, поплочувајќи го патот до конструктивен дијалог и вклучување во заеднички напор во борбата против корупцијата.[41]

[41] Видете Интервенција на Кол Преап, извршен директор на ТИ во Камбоџа на брифингот на Групата за ревизија на имплементацијата за ГО во мај 2013 г., http://www.uncaccoalition.org/learn-moreblog/259-experience-on-the-review-of-the-uncac-implementation-in-cambodia.

## 6.2 ФАЗА II: ЕКСПЕРТСКА РЕВИЗИЈА

Ако вашата влада нема можности или волја да ги информира ГО за напредокот на процесот на ревизија на УНКАК, **редовно барајте информации за статусот на ревизијата** и, онаму каде е соодветно, информирајте ја јавноста за напредокот.

Доколку владата не ја објавила јавно само-проценката, продолжете да се **заложувате за нејзино објавување**.

Од самиот почеток треба да покажете интерес со **писмено доставување на вашите мислења до експертите од тимот за ревизија**. Исто така, треба да настојувате вашата влада да покани експерти од тимот за ревизија **да ја посетат земјата**, и да побарате и вие да имате право да учествувате во посетата.

> Ако сте поканети да присуствувате на состанок или да стапите во комуникација со тимот за ревизија, побарајте примерок од ревизијата на документацијата извршена од групата за експертска ревизија, за да се подготвите за презентација на вашите застапување.

## Пример за успешно учество на ГО во Бангладеш: Како може ревизија на УНКАК да помогне да се премости јазот до владата

Имплементацијата на третото и четвртото поглавје на УНКАК во Бангладеш беше предмет на ревизија во 2011 година. „Транспаренси интернешнл Бангладеш“ (ТИ Бангладеш) подготви свој паралелен извештај од ревизијата, кој беше објавен во 2011 година.[42]

При спроведување на нивната евалвација, ТИ Бангладеш стапиле во контакт со повеќе надлежни владини министерства, меѓу кои и Министерството за право, правда и парламентарни прашања и Министерството за надворешни работи. На почетокот ТИ Бангладеш наишле на силен отпор наместо на волја за соработка.

Недоволниот пристап до информации, особено недостатокот на конкретни детали првично се покажале како пречка за завршување на ревизијата на ТИ Бангладеш. И покрај тоа, упорноста и конструктивниот приод довеле до постепени промени кон подобро.

ТИ Бангладеш биле поканети од владата да го презентираат нацрт извештајот пред експертските ревизори и пред претставниците на УНОДЦ. ТИ Бангладеш исто така биле домаќини на вечера на која тимот за експертска ревизија и надлежните владини функционери стапиле во интеракција со претставници од други релевантни групи за граѓанско општество и со медиумите. Тоа е успешен пример за ангажирање.[43]

[42] Iftekhar Zaman et al., UNCAC Civil Society Review: Bangladesh 2011, (Dhaka: Transparency International Bangladesh/UNCAC Coalition, 2011), http://uncaccoalition. org/learn-more/resources/finish/13-2011-*COSP*-materials/72-civil-society-review¬bangladesh-2011.

[43] 43 Iftekhar Zaman, ‘Bangladesh: How UNCAC Review Helps Build Bridges with Government’, Transparency International Bangladesh, blog, 16 May 2013, www. uncaccoalition.org/learn-more/blog/242-bangladesh-how-uncac-review-helps-build¬bridges-with-government.

## 6.3 ФАЗА III: ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈА НА ЗЕМЈАТА И ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Доколку владата веќе не се согласила на **објавување на целосниот извештај за земјата**, вие треба да се заложите за тоа. Во тие извештаи се содржани важни информации што нема да бидат видливи во кусото извршно резиме.

Исто така, треба да го јавно да го најавите објавувањето на извршното резиме и, зависно од ситуацијата, објавувањето на целосниот извештај на медиумите и на заинтересираните страни. Целта ви е вниманието на јавноста да го свртите кон наодите и препораките од УНКАК, за да се задржи темпото на движење кон промени. Бидејќи досегашното искуство покажува дека владите обично не ги објавуваат нивните извештаи од ревизии, вие ќе имате важна улога за извештајот од ревизијата и имплементацијата на УНКАК да бидат сфатени сериозно. Вашата главна активност ќе бидат комуникации со цел нагласување на најважните наоди од извештајот од ревизијата. Исто така би можеле да објавите **ваше видување на извршното резиме или на целосниот извештај**, можеби со правење паралела со вашето следење (Видете го урнекот на Транспаренси интернешнл за лично видување на извештаи од ревизија во Прилог 4).

> Доколку не се согласувате со некои наоди од официјалниот извештај за земјата, треба да составите листа на области за кои не се согласувате. Но, бидете внимателни кога ќе се фокусирате на истите во вашето застапување: подвлекување

**Објавете ги вашите наоди од извештајот од следењето и вашата оценка за транспарентноста и инклузивноста** на процесот на ревизија на УНКАК во вашата земја. Со објавување на вашите искуства се гради јавна свест за прашањата и се зголемува притисокот врз владата за подобрување на нивните практики.

## Насоки за ГО за барање да се објават целосни извештаи од УНКАК од ревизии на земји

**Зошто би требало владите да ги објавуваат целосните извештаи?**
И покрај тоа што извршните резимеа од извештаите од ревизија на УНКАК се објавуваат онлајн за секоја земја, во нив се изоставени важни информации. Со тие информации би можело да се направи натамошна анализа и јавна дискусија.

Нема причина да не се објават целосните извештаи. Тие не содржат чувствителни информации и се дел од процесот на ревизија чија цел е да се постигне транспарентност и одговорност. Објавувањето на целосните извештаи помага во остварување на тие цели. Во малку веројатниот случај некој од тие извештаи да содржи чувствителни информации за истраги, тој дел може да се извади пред објавување.

**Како би требало владите да го објават извештајот?**
Постојат два главни начини за владино објавување:
- Целосниот извештај од ревизијата треба да се објави на веб страница на УНОДЦ, по барање на владата. На овој начин може да се најдат целосни извештаи за многу земји на едно место.[44]
- Владата треба да го објави целосниот извештај на државна владина веб страница. Тој исто така треба да биде преведен на државниот(ите) јазик(ци) доколку е тоа изводливо, и да биде објавен на веб страница до која лесно може да се пристапи и да се најде.

[44] Профили на земји на веб страницата на УНОДЦ, ww.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/countryprofile/index.html.

**Кои чекори треба да ги преземете?**

**Идентификувајте го вистинското лице од владата со кое треба да разговарате**: Одговорното лице не мора секогаш да биде централната точка. Некогаш лицата кои донесуваат одлуки во владите не се свесни дека тоа е одлука што треба да се донесе.

**Испратете писмо до идентификуваното(ите) лице(а)**: Во писмото што ќе го испратите можете јасно да го објасните вашето барање и да го следите. Урнек за писмо може да најдете во Прилог 5. Може и да ги следите насоките во Прилог 6 за составување формално барање за слободен пристап до информации.[45] Писмото треба да го испратите по електронска пошта (или по факс) и по пошта. Може и да размислите да вклучите други организации, вклучувајќи ги и оние од приватниот сектор, заедно со вашата организација да го потпишат писмото.

**Јавувајте се по телефон за проверка на напредокот**: Треба да се јавите во рок од една недела по испраќање на писмото за да проверите дали писмото пристигнало и дали се обработува и јавувајте се периодично додека добиете одговор.

**Закажете состанок**: Ако добиете негативен одговор или ако не добиете одговор, обидете се да закажете состанок со одговорните лица за да дискутирате за проблемот. Може да размислите да отидете на состанокот со мала група претставници на организации кои се заинтересирани за темата. (Тие може и да бидат потписници на писмото): Исто така може да размислите за друга насока на дејствување, согласно насоките од Прилогот 6 за составување формално барање за слободен пристап до информации.

[45] Урнекот на писмо во Прилог 4 не содржи такво барање затоа што многу земји немаат закон за слободен пристап до информации и затоа што секоја земја што има таков закон има свој механизам.

7

# ЗАЕДНИЧКО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТАНДАРДИ



УНКАК обезбедува можности за меѓународно застапување што може да ги подигне стандардите за резултатите на антикорупција во вашата земја и други земји.

Ова застапување може да влијае подобро да се разберат нормите на УНКАК, како што е наведено во официјалните насоки и материјали за толкување или во резолуциите на *COSP* или да влијае на дизајнот на меѓународните процеси за проследување на заложбите на УНКАК.

**Пример: Резолуција за поврат на средства усвоена на 4-тата *COSP***

На 4-тата *COSP* се утврдени системски пропусти во контролите со кои би се спречило банките да прифаќаат пари од диктатори. Резолуцијата 4/4, иницирана од Египет и усвоена од мнозинството, во голема мера се фокусира на Арапската пролет и, како и Резолуцијата 3/3 од 3-тата *COSP*, договорено е дека е потребно повеќе да се дејствува за помош при поврат на украдени средства.

Со Резолуција 4/4 направен е чекор со кој се повикуваат државите да наложат банките да знаат колку од нивните клиенти се политички изложени (на „видливи јавни функции“), и да се осигурат дека тие не работат со средства украдени од државата. Иако постојните закони веќе го содржат ова барање, *COSP* согледала слабости во примената и утврдила дека се потребни „крупни регулаторни чекори“.

*COSP* исто така апелира државите да бидат побрзи во одговарање на барањата за помош од државите што се жртви и да бидат повеќе проактивни за обезбедување информации.[46]

---

[46] Maud Perdriel, Sherpa and George Boden, Global Witness, “Highlights of the resolutions adopted from a civil society perspective – Asset recovery”, UNCAC Coalition Newsletter December 2011, www.uncaccoalition.org/learn-more/newsletter/167-uncac-coalitionnewsletter-december-2011.

## Клучни можности и партнерства за застапување

Меѓународното застапување опфаќа таргетирање на конкретни форуми на УНКАК – тие може да бидат Конференцијата на држави-страни (*COSP*), Групата за ревизија на имплементација (*IRG*) или работните групи. Промовирањето на транспарентност и учество на граѓанското општество на овие форуми е од пресудна важност. (Видете ја точка 3.2 од овие насоки). Меѓународното застапување може да вклучи и покренување на прашања за УНКАК на други меѓународни форуми.

За застапувањето за подобрување на меѓународните антикорупциски стандарди веројатно ќе бидат потребни **коалиции од повеќе земји** склучени други национални ГО и партнери.

Меѓународното застапување е посложено од застапувањето на национално ниво и најчесто е потребно повеќе време за резултати. Сепак, резултатите може да бидат подолготрајни. За организациите со глобална или регионална перспектива, меѓународното застапување нуди можност за постигнување исходи во повеќе земји со помош на една кампања.

Од 2006 година Коалицијата УНКАК го координира застапувањето на ГО кон телата на УНКАК. Ако вашата организација е заинтересирана за застапување на меѓународно ниво, размислете за пристапување во Коалицијата УНКАК.[47]

[47] Информации и онлајн формулар за апликација за членство во Коалицијата на УНКАК, www.uncaccoalition.org/get-involved/application-for-membership.

## За коалицијата УНКАК

Коалицијата УНКАК е глобална мрежа што брои повеќе од 350 ГО од преку 100 земји, кои се посветени на унапредување на ратификацијата, имплементацијата и следењето на УНКАК.

Формирана во август 2006 година, таа го мобилизира дејствувањето на граѓанското општество за УНКАК на меѓународно, регионално и национално ниво.

Бидејќи рамката на УНКАК е толку сеопфатна, коалицијата вклучува и голем опсег на ГО што работат на човековите права, трудовите права, владеењето, економскиот развој, животната средина и одговорност на приватниот сектор. [48]

Коалицијата учествува во заеднички дејствија за општите позиции на УНКАК, помага при размена на информации меѓу членовите и ги поддржува националните напори на граѓанското општество за унапредување на УНКАК. Членовите на коалицијата споделуваат ставови преку веб страницата на коалицијата, преку пораки преку интернет пратени на повеќе адреси и ад хок работни групи.

Целта на првата кампања на коалицијата беше да се обезбеди ефективен, транспарентен и партиципативен механизам за следење за УНКАК. Членовите се вклучени во заедничко застапување пред и за време на клучни меѓувладини средби. Во ноември 2009 година беше усвоен механизмот за ревизија на УНКАК што сега е оперативен.

[48] Следниве се дел од групациите членки: 5th Pillar, Access Info Europe, AfriCOG, BRAC University Institute of Governance, Christian Aid, Commonwealth Human Rights Initiative, GAATW, Global Financial Integrity, Global Witness, Institute for Security Studies in South Africa, PSI Link, Tax Justice Network, Tearfund, Transparency International, UNICORN и многу други.

Денес, коалицијата цели кон тоа групите за граѓанско општество да можат да дадат придонес во процесот на ревизија и им дава поддршка за составување квалитетни поднесоци. Исто така цели кон тоа да стекне согласност од владите за објавување извештаи од ревизии за јавен преглед.

Коалицијата исто така поставува таргети за меѓународно застапување во врска со посебни теми поврзани со УНКАК, како што се пристап до информации, поврат на средства и заштита на укажувачи и антикорупциски активисти.

> За повеќе информации за Коалицијата УНКАК и нејзината работа со заедничко застапување, посетете ја веб страницата на коалицијата www.uncaccoalition.org.



# 8

# ПРИЛОЗИ



# ПРИЛОГ 1:
# ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ АНТИКОРУПЦИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

## Глобални и меѓурегионални

- Конвенција за поткуп на странски јавни функционери во меѓународни деловни трансакции на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД)
- Ревидирани препораки на Советот на ОЕЦД за борба против поткуп во меѓународни деловни трансакции
- Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал

## Африка

- Африканска синдикална конвенција за спречување и борба против корупција
- Протокол на економската заедница на западноафриканските држави за борба против корупција
- Протокол против корупција на јужноафриканската развојна заедница

## Америка

- Меѓуамериканска конвенција против корупција

## Азија и Пацифичкиот регион

- Акционен план за Азија и Пацифичкиот регион на АДБ-ОЕЦД

## Европа

- Граѓанско-правна конвенција за корупција на Советот на Европа
- Кривично-правна конвенција за корупција на Советот на Европа
- Конвенција за борба против корупција во која се вмешани функционери на Европската Унија
на Европските заедници или Функционери на Држави-членки
- Конвенција на Европската унија за заштита на финансиските интереси на заедниците и борба против корупција и два Протоколи
- Резолуција (99) 5 од Комитетот на министри на Советот на Европа: Договор за формирање на Група на држави против корупција
- Резолуција (97) 24 од Комитетот на министри на Советот на Европа: Дваесет водечки принципи за борба против корупција

## Среден Исток / Северна Африка

- Арапска конвенција против корупција

> Дознајте повеќе за овие инструменти на: http://archive.transparency.org/global_ priorities/international_conventions/conventions_instruments.

# ПРИЛОГ 2: КОРИСНИ ЛИНКОВИ

**Африканска Унија**
www.africa-union.org

**Совет на Европа – Група на држави против корупција**
www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/default_en.asp

**Организација на Американските држави – *Mesicic***
www.oas.org/juridico/english/mesicic_reports.htm

**Организација за економска соработка и развој – Работна група за поткуп**
www.oecd.org/daf/anti-bribery/oecdantibriberyconvention.htm

**Правна библиотека Track**
www.track.unodc.org/LegalLibrary/Pages/home.aspx

**Транспаренси интернешнл**
www.transparency.org/

**Антикорупциски ресурсен центар U4**
www.u4.no/

**Коалиција УНКАК**
www.uncaccoalition.org/

**Развојна програма на Обединетите Нации**
www.undp.org/content/undp/en/home/ourwork/democraticgovernance/focus_areas/focus_anti-corruption.html

**Канцеларија за дрога и криминал на Обединетите Нации**
www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/

# ПРИЛОГ 3:
# ИЗГОТВУВАЊЕ НАЦРТ ПАРАЛЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕВИЗИЈАТА НА УНКАК: НАСОКИ И УРНЕК ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Намената на овој документ е да им помогне на граѓанските организации (ГО) при изготвувањето паралелни извештаи за ревизија на Конвенцијата на ОН против корупција (УНКАК). Во него се вклучени:
- Збирка од насоки кои се осврнуваат на клучните прашања
- Предложен урнек на извештајот со насоки на крајот на секој дел (стр. 80-99)

## НАСОКИ

### 1. Историјат

Паралелните извештаи на ГО за ревизијата на УНКАК се со цел да придонесат кон остварување национален и меѓународен дијалог и застапување за спроведување на УНКАК, за да се подобри квалитетот на напорите против корупција во целиот свет. Извештаите обезбедуваат информации за процесот на ревизија на УНКАК, со кој се проверува спроведувањето на Конвенцијата на ниво на држава. Тие треба да ги надополнуваат владините извештаи со обезбедување додатни информации, со пополнување празнини и со покритички осврт на спроведувањето.

Извештаите можат да се користат на два главни начини: (1) за застапување на национално ниво и за ургирање владите целосно да го имплементираат УНКАК во домашните закони и пракса; (2) за вршење притисок на државните влади во меѓународниот форум на Конференцијата на државистрани (*COSP*) на УНКАК, како и неговото помошно тело, Групата за ревизија на имплементација (*IRG*), која е создадена од *COSP* за вршење надзор врз процесот на ревизија. Во овој контекст, важно е да се имаат на ум различните публики на кои извештаите треба да им се обратат.

## 2. Квалификации на лицето кое ќе го подготвува извештајот

Истражувачот што ќе го подготвува извештајот треба да ги има следниве квалификации:
- Познавање на кривичното право и праксата во дадената земја. Тоа лице може да е адвокат што работи во праксата или академик
- Докажана стручност за политичко-институционална анализа, со посебно добро познавање на правосудниот систем на земјата
- Познавање на дискурсот за транспарентност, отчетност и антикорупција
– Способност за пишување концизно, за читатели кои не се академици
- Да биде докажано посветен на практична реформа на политиките и застапување засновано на докази во областа на антикорупција и добро владеење

## 3. Општ приод кон подготвување на извештајот

Извештаите треба да понудат оценка за тоа дали спроведувањето на УНКАК во некоја област (на пр. легислатива, извршување, меѓународна соработка, итн.) се смета за задоволително или не. Извештајот треба да опфаќа доволно од покриените членови за да може да се извлечат цврсти заклучоци, земајќи ги предвид статистичките и друг вид на податоци и информации. Во него треба јасно да се објаснети причините за сите заклучоци и препораки.

Сите податоци и информации треба да бидат претставени јасно, на концизен и лесно разбирлив начин, да содржат и графички прикази онаму каде тоа е соодветно (на пр. табели, графикони). Информациите треба соодветно да се референцираат: Треба да се наведат извори во самиот текст или во фусноти.

## 4. Извршно резиме

Извршното резиме ги нагласува најважните наоди и препораки. Со него читателот треба да може да ги разбере главните теми, без да ја чита целосната студија: Креаторите на политики и новинарите ќе се фокусираат на овој дел од извештајот.

Сите заклучоци треба да бидат засновани на материјали од главниот текст на извештајот, а поверојатно е дека препораките ќе имаат ефект ако се ограничат на најважните точки, наместо да се прави список што ги опфаќа сите различни прашања.

Извршното резиме може и треба да се достави до Конференцијата на Држави-договорни страни на УНКАК.

## 5. Прашања за клевета и наведување извори на информации

Квалификувани правници треба да направат проверка за клевета во последната фаза на креирање на извештајот, но за да се намали ризикот за материјали што содржат клевета треба да се следат следниве стандарди при изготвување на извештајот:

- Студијата треба да биде врамнотежена, напишана со неутрален јазик и сите изјави треба да се поддржани со факти.

- Изјавите што содржат наводи за неправилно постапување на некој поединец или институција треба да бидат поддржани со наведување сигурни извори. Наведените извори треба да бидат проверени колку што е можно, а во случај на сомневање, наведувањата треба да се изостават.

- Наведувањата треба да се напишат со соодветно умерен јазик, вклучувајќи зборови што означуваат резервирани изјави, како што се „наводно“ или „според изјавите“.

- При дискутирање на конкретни (кривични) случаи, треба да се избегнува наведување на имињата на вмешаните лица освен ако може да се наведе сигурен извор. Авторите треба да внимаваат да го пренесат статусот на случаите во времето кога е пишуван извештајот: да биде напишано дали има само наведувања или дали е отпочната истрага и судење од надлежните или пак е добиена пресуда и дали е тоа конечна пресуда или истата може да се обжали. Ова укажување е важно за оценување на сигурноста на информациите и ризикот од клевета што постои при користење на примерот.

- Сите извори на податоци/информации вклучени како текст или табели/дијаграми треба да бидат во целост наведени и идентификувани како „официјални“ или „неофицијални“. - Ако податоците/информациите се достапни онлајн, наведете ги интернет адресите (вклучувајќи ги и датумите кога сте пристапиле до податоците).

- Каде што има достапни податоци на англиски јазик и на јазикот на државата, ве молиме наведете го изворот на англиски и соодветната интернет адреса.

- Кога цитирате интервјуа, најдобра практика е однапред да се договорите со лицето што одговарало на прашања за титулата што ќе ја користите (на пр. регионален судија или висок функционер од Министерството за правда) при наведување на интервјуто во извештајот.

- Кога лицето што одговарало на прашањата сака да остане анонимно, треба да се наведат релевантни информации за лицето, местото и датумот на интервјуто и треба да се објасни зошто не се наведуваат имиња. Пример: Интервју со судија од регионален суд со авторот, Колумбо, 8 декември 2009 год. (името не е објавено по барање).

- Правните концепти и термини треба да се наведат во фусноти на јазикот на државата, веднаш до преводот на англиски јазик.

## 6. Должина и стил

Студијата треба да брои околу 6 000 до 8 000 зборови. Статистички табели и други податоци, вклучувајќи и презентација на судската пракса, треба да се вклучат во текстот на извештајот, освен ако не се долги повеќе страници, во кој случај најважните информации треба да се вклучат во текстот, а остатокот во анекс.

При изготвување нацрт извештај, авторот треба да користи „стил на научно новинарство“, со кој релевантни анализи и аргументи за технички прашања се претставуваат со јазик што е прифатлив и за лица што не се експерти. Следниве насоки треба да се земат предвид:

- Користете јасни и концизни реченици.
- Избегнувајте многу технички изрази/јазик.
- Поддржете ги сите тврдења со референци, со помош на фусноти.
- Бидете врамнотежени (нагласувајте ги силните како и слабите страни во работењето).
- Користете реченици во кои се сумираат пасусите за да создадете структура. Сумарна реченица е „реченица чијашто главна идеја или тврдење го контролира остатокот од пасусот; текстот во пасусот понатаму ја објаснува, развива или ја поддржува со докази главната идеја или тврдење од сумарната реченица.“[49]

## 7. Чекори за подготвување на извештајот

При изготвување на извештајот, користете го урнекот што е даден подолу (стр. 80-99). Процесот на собирање податоци опфаќа повеќе различни методи, со нагласок на документациска ревизија на постојната легислатива, случаи и истраги и интервјуа со клучни информатори. Во врска со покривање на посебни настани или извори на податоци што се временски ограничени, временскиот период опфатен во извештајот од ревизијата на УНКАК обично е 24 месеци пред почетокот на анализата.[50] Подолу се опишани сите методи за собирање податоци, но подетални информации за посебните податоци потребни за секој член што е предмет на ревизија може да најдете во урнекот на извештајот.

- **Информации за легислатива**: Алатки и ресурси за антикорупциско знаење (TRACK) е корисен ресурс развиен од Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Наци (УНОДЦ). Правната библиотека на TRACK содржи закони и правна наука и информации од релевантни антикорупциски тела од повеќе од 175 држави од целиот свет, кои имаат индекс и може да се пребаруваат според секоја одредба од УНКАК.[51]

[49] За повеќе информации видете, http://grammar.ccc.commnet.edu/grammar/paragraphs.htm.

[50] ГО можат да го приспособат овој временски период ако има причини за користење малку поинаков временски период. Ова треба да се наведе во извештајот. Исто така, информациите за претходни настани може да дадат релевантни историски податоци.

[51] Видете: www.track.unodc.org/LegalLibrary/Pages/home.aspx.

- **Информации за случаи и истраги**: Треба да има темелно истражување за да се види дали има достапни онлајн информации за случаи или истраги.[52] За секој случај на споменати истраги, треба да се наведе и извор во фуснота, по можност со веб-линк и тоа може да е новински извештај, кога публикацијата е угледна. Најскорешните статистички податоци од владата треба исто така да се наведат, вклучувајќи достапни линкови. Ако овие информации не се достапни онлајн може да биде потребно извесно време да се добијат, а изворот треба да се наведе.

- **Консултации со добро информирани лица**: Извештајот треба да содржи информации од консултации со претставници на органите за спроведување на законите и други добро информирани лица, за да се зголеми неговата валидност. Треба да вклучи и листа на сите лица што биле консултирани, освен ако е побарана анонимност, во кој случај треба да се наведат позицијата и институцијата на лицето.

- **Консултација со владата**: Треба да се добијат повратни информации од владата за скоро-финална нацрт верзија на извештајот од соодветни службеници од министерствата за правда или внатрешни работи или од антикорупциската агенција, како и од еден од официјалните владини делегати на претходната Конференција на Држави-страни на УНКАК.[53] На овој начин се избегнуваат грешки и се гради дијалог за темите опфатени во извештајот. Овие информации треба да се земат во obsир, но конечниот производ треба да е независен и да одразува објективно мислење за собраните докази. Закажувањето на состаноците треба да биде долго време пред одржувањето на тие состаноци за извештајот и нацртот треба да биде доставен однапред за да се остави доволно време да се добијат значајни одговори.

- **Објаснение**: Многу е важно да се објасни одговорот, така значително се зголемува веродостојноста и убедливоста на извештајот со обезбедување фактичка основа и разумно расудување зад одговорите.

[52] Во годишните извештаи за земјата на тема Практики со човекови права, изготвени од Стејт Департментот на САД има дел за „Корупција на службеници и транспарентност на владата“ каде се содржани информации за случаи и истраги, www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/ index.htm.

[53] Листа на учесници на претходната COSP може да најдете на веб страницата на УНОДЦ.

# УРНЕК ЗА ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈА НА УНКАК ОД ГО НА ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ ©

Посебни упатства и насоки се дадени за секој дел, обележани во сино.

## ВОВЕД

Ве молиме следете ја следнава структура:

(Име на земја) ја потпиша Конвенцијата против корупција на Обединетите Нации (УНКАК) на (датум) и ја ратификуваше на (датум).
Извештајот претставува ревизија на имплементацијата и спроведувањето на посебни членови од Поглавјата III (Криминализација и спроведување на закони) и IV (Меѓународна соработка) од Конвенцијата против корупција на Обединетите нации на (Име на земја). Намената на извештајот е да се даде придонес кон тековниот процес на ревизија на спроведувањето на УНКАК, со покривање на овие две поглавја. (Име на земјата) беше избрана од Групата за ревизија на имплементација на УНКАК во јули 2010 година по случаен избор (влечење ждрепка) за ревизија во (првата/втората/третата/четвртата) година од процесот. Нацрт од овој извештај е доставен до владата на (Име на земјата) (таму каде што ова е соодветно).

**Опфат**. Членовите на УНКАК на кои се посветува посебно внимание во овој извештај се оние што се однесуваат на поткуп (Член 15), странски поткуп (Член 16), проневера (Член 17), перење пари (Член 23), одговорност на правни лица (Член 26), заштита на сведоци (Член 32), заштита на лица што известуваат (Член 33), надомест на штета (Член 35) и заемна правна помош (Член 46). (листата може да се приспособи ако е потребно)

**Структура**. Дел I од извештајот е извршно резиме, со кондензирани наоди, заклучоци и препораки за процесот на ревизија и за достапноста на информации, како и за имплементацијата и спроведувањето на конкретни членови на УНКАК. Во делот II се покрива спроведувањето на процесот на ревизија во (Име на земјата) како и прашања поврзани со пристапот до информации. Во делот III се разгледува имплементацијата и спроведувањето на конвенцијата, вклучувајќи клучни прашања поврзани со правната рамка и со системот за спроведување, со примери за добра и

лоша практика. Во делот IV се покриени скорешни настани, а во делот V се презентираат препорачаните приоритетни дејствија.

**Методологија**. Извештајот е изготвен од (Име на ГО), со финансиска поддршка од (име таму каде што е соодветно). Групата направи напори да добие информации за извештаите од владини сектори и да оствари дијалог со владини претставници. Како дел од овој дијалог, доставена е нацрт верзија од извештајот до нив, онаму каде е соодветно.

Извештајот е подготвен со помош на насоките и урнекот за извештаи составени од Транспаренси Интернешнл за употреба на ГО. Овие алатки на поедноставен начин ја одразуваат листата за проверка на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Нации (УНОДЦ) и со нив се дава релативно кратки оценки споредено со деталните само-оценувања со официјалната листа за проверки. Урнекот на извештајот содржи неколку прашања за процесот на ревизија и, во делот на имплементација и спроведување, се бараат примери за добри практики и области каде треба подобрување поврзани со избраните теми, имено со оглед на Членовите 15, 16, 17, 20, 23, 26, 32, 33, 35 и 46(9) (б) и (в) од УНКАК. (листата може да се приспособи ако е потребно)

При подготовката на извештајот, авторите ја зедоа во обѕир недамнешната ревизија на (Име на земјата) извршена од (наведете други механизми за ревизија). (таму каде што е соодветно)

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

(најмногу 1 500 зборови)

Тука внесете неколку главни точки за процесот и севкупната усогласеност, вклучувајќи и значајни недостатоци и успеси. Структурата треба што е можно повеќе да ја следи структурата на извештајот. Ве молиме имајте на ум дека до времето на објавување на целиот извештај, само извршното резиме ќе биде доставено до Конференцијата на Држави-страни (*COSP*) како официјален придонес на процесот на ревизија.

## Спроведување на процесот

### ТАБЕЛА 1: Учество на Транспаренси и ГО во процесот на ревизија

| | |
|---|---|
| Дали владата ги објавила информациите за контакт со главното лице од земјата? | Да / Не |
| Дали е граѓанското општество консултирано во подготовките за само-оценување? | Да / Не |
| Дали е само-оценката објавена онлајн или дадена на ГО? | Да / Не |
| Дали владата се согласи на посета на земјата? | Да / Не |
| Дали била направена посета на земјата? | Да / Не |
| Дали било повикано граѓанското општество да даде информации за официјалните ревизори? | Да / Не |
| Дали владата се обврзала да го објави целосниот извештај за земјата? | Да / Не |

**Достапност на информации** (1 пасус)
Севкупна проценка на постоењето и пристапот до информации потребни за извештајот и краток опис на институциите од кои се побарани информации. Ве молиме наведете дали се поставени прашања за законите за пристап до информации.

**Имплементација во закон и спроведување**
Појаснете ги клучните точки на имплементација и спроведување, вклучувајќи предизвици и области за кои има загриженост (вклучете референции до сета релевантна судска пракса).

## ТАБЕЛА 2: Сумарна табела за имплементација и спроведување

| **Член на УНКАК** | **Статус на имплементација** | **Како се спроведуваат во пракса овие одредби?** |
|---|---|---|
| Чл. 15 (поткуп) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 16<br>(странски поткуп) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 17<br>(проневера) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 20<br>(незаконско збогатување) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 23<br>(перење пари) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 26<br>(одговорност на правни лица) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 32 и 33<br>(заштита на сведоци + укажувачи) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 35<br>(надомест на штети) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |
| Чл. 46(9) (б) & (в)<br>(заемна правна помош) | Целосно / делумно<br>Не е имплементиран | Добро / Умерено / Слабо |

При проценувањето на тоа дали членот на УНКАК е целосно или делумно имплементиран во законите, треба да се направи проценка, не само да се наведе дека постои закон што е во сила, туку да се наведе дали во законот има некои недостатоци или недоследности. Ако тие се релативно незначајни, тогаш членот сепак може да се смета дека е имплементиран. Ако има големи недостатоци или недоследности или ако нема закон, тогаш ќе се смета дека членот не е имплементиран. Подолу има и посебни насоки за евалвација на имплементацијата на различни членови во законите.

При оценување на тоа дали спроведувањето е добро, умерено или слабо, треба да се води сметка за тоа дали релевантните законски одредби се применуваат во пракса, дали има пречки во нивната практична примена и кои се исходите при примена на релевантните одредби.

**Препораки за приоритетни дејствија**

Клучни препораки, со кои се покриваат, како што е соодветно:

- Владина интеракција со НВО
- Пристап до информации
- Имплементација
- Спроведување

## II. ПРОЦЕНКА НА ПРОЦЕСОТ ЗА РЕВИЗИЈА ЗА (Име на земја) (1–2 страници)

Во овој дел се прави проценка на транспарентноста на владиниот процес на ревизија.

### А. Извештај за процесот на ревизија

Ве молиме пополнете ја Табелата 3, наведувајќи детали за транспарентноста, посети на земјата и учество на граѓанското општество во процесот на ревизија на УНКАК на вашата влада.

Процесот на ревизија може да трае и една година, со можна посета на земјата шест месеци или повеќе по започнување на процесот. Затоа, зависно од тоа кога ГО почнува со работа на овој извештај, може да биде или може да не биде можно да се пополнува оваа табела извесен период.
Во врска со обелоденувањето на информации за лицето кое е главна точка, ако тие се обелоденети, ве молиме наведете дали е тоа сторено онлајн или на друг начин.
Во врска со прашањата за консултација со граѓанското општество за само-оценување и информациите од граѓанското општество за официјалните ревизори, ве молиме наведете во делот со коментари дали поканата била широка или била само до одбрана група и ако е можно наведете како е направен изборот.

## ТАБЕЛА 3: Транспарентност на процесот на ревизија на владата на УНКАК

| | | |
|---|---|---|
| Дали владата дала јавно соопштение за ревизијата? | Да / Не | *Коментари* |
| Дали владата објавила информации за главното лице од земјата? | Да / Не | *Коментари* |
| Дали бил познат распоредот на ревизијата? | Да / Не | *Коментари*<br>Ве молиме наведете дали ревизијата била направена на време |
| Дали е граѓанското општество консултирано во подготовките за само-оценување? | Да / Не<br>Ако да, кој бил консултиран? (Означете)<br>О Групи за пристап до информации<br>О Академски мрежи<br><br>О Антикорупциски групи<br>О Синдикати<br>О Женски групи О Друго<br><br>(Наведете) | *Коментари*<br>- Ве молиме наведете ги консултираните организации<br>- Ве молиме наведете го датумот на консултирањето |
| Дали е само-оценката објавена онлајн или доставена до граѓанското општество? | Да / Не | *Коментари*<br>Ве молиме наведете го линкот, ако е соодветно, и наведете ја публикацијата или информацијата за тоа кога/како била доставена само-оценката |
| Дали владата се согласи на посета на земјата? | Да / Не | *Коментари*<br>Ве молиме наведете го датумот на посетата |

| | | |
|---|---|---|
| Дали била направена посета на земјата? | Да / Не | *Коментари* |
| Дали било повикано граѓанското општество да даде информации за официјалните ревизори? | Да / Не<br>Ако да, кој бил поканет? (Означете)<br>O Групи за пристап до информации<br>O Академски мрежи<br>O Антикорупциски групи<br>O Синдикати<br>O Женски групи O Друго<br><br>(Наведете) | *Коментари*<br>- Ве молиме наведете ги поканетите организации<br>- Ве молиме наведете какви информации биле побарани |
| Дали бил повикан приватниот сектор да даде информации за официјалните ревизори? | Да / Не | *Коментари*<br>- Ве молиме наведете ги поканетите<br>фирми / организации<br>- Ве молиме наведете какви информации биле побарани |
| Дали владата се обврзала да го објави целосниот извештај за земјата? | Да / Не / Непознато | *Коментари*<br>Ве молиме наведете дали е објавен од УНОДЦ и / или земјата и ако е соодветно наведете го линкот |
| Дали владата јавно ги соопштила резултатите од ревизијата и плановите за следење на препораките? | Да / Не | *Коментари* |

## Б. Пристап до информации

Овој дел треба да содржи информации за тоа колку лесно може да се пристапи до информации за имплементацијата и спроведувањето на УНКАК на национално ниво, особено дали има пристап до закони за информации со кои се олеснува овој процес.

Ве молиме наведете ги коментарите за достапноста на информациите (на пр. статистика, детали за обвиненија и пресуди) за подготовка на овој извештај. На пример:

- Ве молиме опишете ги чекорите што ги презел експертот за да добие информации потребни за подготвување на извештајот: Со кои владини субјекти или други тела стапивте во контакт? Има ли посебно владино тело кое работи на антикорупциска политика? Ако да, кога е тоа создадено, кои се неговите цели и постигнувања?
– Дали експертот се обидел да направи формално барање за пристап до информации засновано на законите за пристап до информации или друга легислатива? Ако да, ве молиме наведете ја релевантната легислатива.
- Дали експертот користел други извори за добивање информации (на пр. медиуми, извештаи од граѓанското општество)? Ве молиме наведете ги деталите.
- На какви пречки наидовте при добивање на потребните информации? Дали пречките се однесуваат на недоволна компилација од страна на владата, законски пречки или едноставно немање волја од владата да дозволи пристап до побараните информации? Дали се достапни информациите за бројки на случаи? Дали се достапни информации за детали за случаите?

Имајте на ум дека пристапот до информации може да се разликува според различни категории на информации. Може да е релативно лесно да се дојде до копии од закони и прописи, иако во некои земји тоа може да не е така. Често е потешко да се добијат статистички информации за спроведување, иако во некои земји тоа е објавено онлајн. Честопати најтешко е да се добијат детали за случаи што во моментов се под обвинение или се завршени. Овие три категории на информации треба да се разликуваат при одговарање на ова прашање.

## III. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА (4-5 страници)

### А. Клучни прашања поврзани со правната рамка и спроведувањето на законите

Овој дел се фокусира на одредени членови од УНКАК и бара одговор до кој степен овие членови се имплементирани во законот и кои понатамошни активности се потребни за да се обезбеди усогласеност.

**Член 15**: Поткуп на јавни службеници во земјата и
**член 16**: Поткуп на странски јавни службеници

Кривичното дело поткуп на јавни службеници во земјата треба да вклучува и активен поткуп (нудење поткуп) и пасивен поткуп (прифаќање или барање мито). Дефиницијата за поткуп треба да биде оширна, да опфаќа примери каде што не е понудена материјална работа и каде што предноста е ветена или дадена директно или индиректно преку посредник. Дефиницијата за јавен службеник треба да биде оширна и да го вклучува кое било лице што извршува јавна функција или дава јавни услуги.

Забелешка: Ве молиме обезбедете референција за компонентите за активен и пасивен поткуп.

Клучните слаби страни може да вклучуваат:
- Ограничена дефиниција за поткуп
- Ограничена дефиниција за забранетото однесување
- Ограничена дефиниција за предмет на поткуп на пр. видови на предности кои се опфаќаат
- Невклучување на поткупот во корист на трети лица или поткупување преку посредници
- Висок стандард на докази кои се потребни за да се докаже договор за корупција
- Барања за намерниот елемент на кривичното дело
- Имунитети (видете и член 30 (2))
- Ограничувања на надлежностите (видете, исто така, член 42), на пр. ограничувања за примена на национална и територијална надлежност
- Несоодветни одбрани на пр. ефективно жалење
- Мали санкции

**Член 17**: Проневера, злоупотреба или друго пренасочување на сопственост од страна на јавен службеник

Закон за проневера, злоупотреба или друго пренасочување на сопственост од страна на јавен службеник треба да биде вклучен во кривичното право, а не само граѓанско или административно право. Кривичното дело треба да опфати дејства кои се во полза на јавните службеници или на друго лице или субјект. Потребна е опширна дефиниција за сопственост за да се опфати целосниот опсег на средства кои се проневеруваат.

Забелешка: Дали товарот на докажување се префрла на обвинетиот за да докаже дека средствата за кои станува збор се законски добиени?

Клучните слаби страни може да вклучуваат ограничена дефиниција за сопственост.

**Член 20**: Незаконско збогатување

За целите на овој член, незаконското збогатување се однесува на значително зголемување на средствата на јавен службеник кое тој или таа не може разумно да го објасни во однос на неговиот или нејзиниот законски приход.

Забелешка: Дали товарот на докажување се префрла на обвинетиот за да докаже дека збогатувањето за кое станува збор е законски добиено?

**Член 23**: Перење на приноси од криминал

Законодавството треба да ја утврдува конкретно врската помеѓу корупциските практики и перењето пари. Кривичното дело на перење пари треба да вклучува: 1) претворање или пренесување на приноси од криминал; 2) затајување или прикривање на приноси од криминал; 3) стекнување, поседување или користење на приноси од криминал; и 4) учество во, здружување или заговор за извршување, обиди за извршување и помагање, поттикнување, олеснување и советување во извршувањето на кое било од наведените кривични дела.

Кога се определува која сопственост е принос од криминал, не треба да има услов за да се осуди некое лице за предикативно кривично дело. Дефиницијата за предикативни кривични дела на перење пари треба да биде опширна и треба конкретно да ги наброи кривичните дела кои се поврзани со корупција. Понатаму, предикативните кривични дела треба да вклучуваат дела кои се извршиле во друга земја, ако тоа дело би претставувало предикативно кривично дело кога би се случило во домашната земја.

Забелешка: Дали листата на предикативни кривични дела за перење пари вклучува кривични дела корупција? Ве молиме наведете дали кривичните дела корупција се посебно наведени или се опфатени во широка категорија на предикативни кривични дела, како „сите кривични дела“.

Клучните слаби страни може да вклучуваат:
-Ограничена дефиниција за перење пари
-Барање лицето прво да биде осудено за предикативно кривично дело
-Ограничена листа на предикативни кривични дела
-Правните лица не подлежат на кривична одговорност за перење пари или несоодветни санкции според граѓанското и административното право
-Ограничувања на надлежностите (видете, исто така, член 42), на пр. ограничувања на однесување кое
се извршило во друга надлежност
-Барања што се однесуваат на намерен елемент на кривично дело
-Мали санкции

**Член 26**: Одговорност на правни лица

Треба да се воведе законодавство за да се овозможи правните лица одговараат за кривични дела поврзани со корупција, во идеална смисла според кривичното право, но ако не и според граѓанското или административното право со доволно санкции. Одговорноста на правните лица не треба да зависи од кривичната одговорност на физичко лице кое го сторило кривичното дело. Паричните или другите санкции за кривични дела поврзани со корупцијата мора да бидат доволно сериозни така што ќе се ефективни, пропорционални и кривични. Пример за некривични санкции се паричните санкции кои се толку слаби што потенцијалните придобивки од поткупот ги надминуваат потенцијалните трошоци.

Забелешка: Ве молиме објаснете дали правните лица одговараат според кривичното, граѓанското или административното право. Колкав број друштва добиле санкции според кривично, граѓанско и административно право за кривични дела поврзани со корупција во последните три години? Дали санкциите за правни лица кои извршуваат кривични дела поврзани со корупција, се ефективни, пропорционални и кривични?

Клучните слаби страни може да вклучуваат:
-Недостаток на кривична одговорност за правни лица за кривични дела поврзани со корупција – Одговорноста зависи од кривичната одговорност за физичко лице
-Мали санкции

**Член 32**: Заштита на сведоци, експерти и жртви
**член 33**: Заштита на лица кои пријавуваат

Заштитата за сведоци, експерти, жртви и лица кои пријавуваат треба да биде колку што е можно посеопфатна, во зависност од средствата на државата и треба да вклучува заштита за семејствата и соработниците. Треба да биде обезбедена заштита на лица кои пријавуваат кривични дела, помагаат при истраги и/или соработуваат во случаи, покрај тие што всушност сведочат. На жртвите, исто така, треба да им се обезбеди соодветна и безбедна можност да ги претстават своите ставови и загрижености во текот на кривичните постапки.

Забелешка: Ве молиме наведете дали тоа е соодветно и за мажи и за жени.

Клучните слаби страни може да вклучуваат:
-Недостаток на лесно пристапен и анонимен механизам за жалби
-Недостаток на заштита од репресалии од страна на работодавачите на работното место

**Член 46 (9)**: Взаемна правна помош во отсуство на двоен криминалитет

Во согласност со УНКАК, двојниот криминалитет не треба да претставува пречка за ефективно обезбедување на взаемна правна помош (ВПП). Обемот на ВПП што треба да се даде треба да биде многу опширен за да се овозможи максимално можно обезбедување на ВПП, дури и во отсуство на двоен криминалитет. Ова особено се однесува на случаи кои вклучуваат мерки кои не се присилни, каде што двојниот криминалитет не е задолжителен за да се даде ВПП.

Забелешка: Дали постои законска одредба во законодавството на земјата што овозможува обезбедување на ВПП во отсуство на двоен криминалитет? Дали вашата земја се соочила со какви било пречки при обезбедувањето или добивањето на взаемна правна помош? Ако е можно, наведете ги земјите со кои се појавиле проблеми со взаемната правна помош.

Клучните слаби страни може да вклучуваат:
-Барање за двоен криминалитет, вклучувајќи неприсилна ВПП
-Недостаток од централизиран систем за обезбедување ВПП

**1. Области кои покажуваат добра практика**

Посочете го членот од УНКАК, потоа наведете го релевантното национално законодавство и објаснете ја добрата практика.
Ве молиме дадете примери за добра практика. Референциите за домашното законодавство треба да вклучуваат референција за датумот кога законот бил изгласан и конкретните членови/одредби кои се дискутираат итн.
Овој дел треба да вклучува референции за закони кои се особено темелни во спроведувањето на УНКАК или примери на особено ефективно спроведување. Треба да упатува на сите точки во табелата погоре каде што членот од УНКАК е наведен како „целосно имплементиран“ и каде што спроведувањето е „добро“.

## 2. Области со недостатоци

**Посочете го релевантниот член од УНКАК, потоа наведете го релевантното национално законодавство (ако постои) и објаснете ги недостатоците.**
Ве молиме дадете примери за недостатоци. Референциите за домашното законодавство треба да вклучуваат референција за датумот кога законот бил изгласан и конкретните членови/одредби кои се дискутираат итн.

Овој дел треба да ги опфати сите точки од табелата погоре кои се во долната категорија, т.е. „не се имплементирани“ во закон или се со „слабо“ спроведување во пракса. Покрај тоа, треба да ги вклучи и најлошите случаи кога некој член е имплементиран само „делумно“ или „умерено“ спроведен.

## 3. Препораки

Ве молиме наведете ги вашите препораки за приоритетни дејства за подобрување на имплементацијата на УНКАК.

## Б. Клучни прашања поврзани со системот на спроведување

Некои од главните области на загриженост се:

-**Постоење на случаи или истраги и соодветни наметнати санкции**: Во отсуство на случаи и истраги или случаи кои се завршени со соодветни санкции, постои причина за испитување дали во системот за спроведување постојат недостатоци. Исто така, ако постојат причини да се верува дека се истражуваат само мали случаи или не се истражуваат некои големи случаи, исто така, постои причина да се испитува ефикасноста на системот за спроведување.

-**Независност на јавните обвинители и други органи за спроведување и на судството**: Ефективни и независни органи за спроведување се од суштинско значење за одвраќање на поединци од впуштање во корупциски дела и обезбедување надомест за жртвите на корупција. Исто така, независно судство е од суштинско значење за спроведување на законите за борба против корупција.

-**Приоритет се дава на случаите со корупција**: Без разлика дали системот за спроведување создава иницијативи за или одвраќање од извршување корупција, случаите може да влијаат врз спроведувањето. Поради тоа што истражувањето на случаите со корупција е честопати тешко и интензивно во однос на ресурси и може да влијае врз развивањето на кариерата на службениците кои ги спроведуваат законите, ова може да влијае врз приоритетот кој им се дава на случаите со корупција.

-**Организирање на спроведување**: Случаите со корупција се сложени и бараат значителна експертиза. Обвинителите може да не сакаат да работат на случаи поврзани со корупција, бидејќи имаат ограничен кадар и голем број заостанати случаи во земјата. Двоумењето да се работи на овие случаи ќе биде уште поголемо, онаму каде што одговорноста за истраги и гонење е оставена на регионални или локални власти.

-**Координација меѓу истрага и гонење**: Недостаток на координација помеѓу истражните агенции и обвинителските служби може да резултира со оставање или одложување на случаи што можат да се решат.

-**Преклопување на одговорностите на агенциите**: Ова може да биде проблем ако тоа предизвикува службениците во една агенција да работат со различни цели, со отсуство на очекувања дека друг ќе дејствува.

-**Специјализирани единици во обвинителствата (член 36)**: За надминување на пречките при гонење за кривични дела поврзани со корупција, во многу земји одговорноста за случаи поврзани со корупција се доделува на специјализирана служба. Кога одговорноста за спроведување закони за борба против корупција не е централизирана, друга опција за владите е да преземат чекори за надгледување и координирање на спроведувањето од страна на децентрализирани канцеларии.

-**Соодветни ресурси**: Случаите со корупција се сложени, бараат многу време и напорна работа и поради тоа, важно е да се има соодветни ресурси и обучен кадар. Обвинителите може да не сакаат да работат на случаи поврзани со корупција, бидејќи имаат ограничен кадар и голем број заостанати случаи во земјата.

-**Способност на органите за спроведување**: Сложеноста и стручноста на случаите со корупција значи дека тие бараат особена експертиза, вклучувајќи обучени адвокати, истражители и форензичари.

-**Можности за процедурални одложувања**: Ако процедурите создаваат неразумни одложувања, ова најверојатно ќе ги наруши напорите за спроведување и ќе ги зголеми трошоците за нив.

-**Механизам за пријавување**: Еден од најдобрите начини за откривање докази за корупција е преку извештаи или пријави кои се прават кај органите за спроведување на законот од страна на лица кои имаат сознанија за постоење на такви практики. За ова да се случи, мора да постојат канали за пријавување кои се релативно лесни за користење за оние кои имаат информации, кои ја заштитуваат нивната анонимност и ги испорачуваат информациите до владините органи кои можат да ги обработат.

-**Подигнување на јавната свест**: За да се зајакне влијанието на законите и нивното спроведување, важно е владата да им даде информации на јавниот сектор, приватниот сектор и на пошироката јавност за спроведувањето на законот што се однесува на корупција.

## 1. Статистика

Ве молиме наведете го бројот на случаи кои се истражувани во врска со секој член од УНКАК, а кој се зема предвид. Наведете ги во фуснота сите извори на информации, вклучувајќи линкови до интернет-страници онаму каде што е можно. Ако не се достапни информации, дадете кратко објаснување за напорите кои се преземени за да се контактираат одговорните органи и одговорите кои се добиени. Информациите внесете ги во табелата подолу. На крајот од табелата, дадете кратка анализа на податоците и што покажуваат тие за спроведувањето во земјата.

## ТАБЕЛА 4: Статистика на случаи

| Член | Судења (во тек и завршени) | Осуди | Спогодби | Ослободувања | Нерешени случаи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Член 15 (а)** Поткуп на јавни службеници во земјата (активно) | | | | | |
| **Член 15 (б)** Поткуп на јавни службеници во земјата (пасивно) | | | | | |
| **Член 16** Поткуп на странски јавни службеници | | | | | |
| **Член 17:** Проневера, злоупотреба или друго пренасочување на имот од страна на јавен службеник | | | | | |
| **Член 20** Незаконско збогатување | | | | | |
| **Член 23** Перење пари поврзано со корупција | | | | | |

## 2. Информации за случаи и истраги

Ве молиме наведете ги следните информации во врска со какви било поголеми обвиненија и граѓански и административни дејства кои се преземени во секоја категорија на случаи:
-Име на случајот, вклучувајќи ги страните
-Датум кога започнало гонењето
-Резиме на главните обвиненија
-Казни или други санкции кои се бараат
-Статус на случајот, вклучувајќи го очекуваниот датум на судење или датум на жалба
-Какви било пречки кои го задржуваат случајот, според ваше мислење

При утврдувањето дали еден случај е сериозен, размислете на пример, дали случајот вклучува голема мултинационална корпорација или висок владин службеник, износот на капитал кој е вклучен и сериозноста на случајот. Ако постојат многу случаи ве молиме изберете 10 од тие што се најважни. Наведете ги во фуснота сите извори на информации, вклучувајќи линкови до интернет-страници онаму каде што е можно.

## 3. Примери за добра практика или напредок во спроведувањето

Ве молиме дадете кратко објаснување на овие добри практики, упатувајќи соодветно на релевантниот член од УНКАК. На пример:
-Спроведување на закони преку гонење на сериозни корупциски случаи или постигнување напредок во истите
-Докази за независност на истражителите, обвинителството и судството
-Докази за соодветни и пропорционални санкции кои се воведуваат во врска со корупциските дела и практики
-Соодветни или зголемени ресурси или обука
-Добра или зголемена координација

## 4. Значајни несоодветности во системот на спроведување за кривични дела поврзани со УНКАК

Ве молиме дадете кратко објаснување за главните несоодветности во системот на спроведување,
упатувајќи соодветно на релевантниот член од УНКАК. На пример:
-Недостаток на давање приоритет на случаите со корупција во спроведувањето на законот
-Недостаток на независност на истражителите, обвинителството или судството
-Недостаток на вештини и обука за истражување корупциски случаи
-Недостаток на специјализирани антикорупциски единици
-Несоодветни ресурси
-Можности за процедурални одложувања во процесите и постапките
-Преклопување на одговорностите на агенцијата што доведуваат до конфузија
-Недостаток на координација помеѓу истрагата и гонењето
-Недостаток на подигнување на јавната свест

## 5. Препораки

Ве молиме наведете ги вашите препораки за приоритетни дејства за подобрување на системот за спроведување.

## IV. НЕОДАМНЕШНИ СЛУЧУВАЊА (1/2 страница)

Ве молиме опишете ги последните случувања во областите кои се опфатени во овој паралелен извештај или во кои било други области кои сметате дека се релевантни за имплементацијата на поглавјата III и IV од УНКАК, на пр. ново законодавство, нови закони и институционални промени во последните три години.

## ПРИЛОГ

**Листа на консултирани лица (со поврзаност):**

**Признанија**

# ПРИЛОГ 4:
# ДАВАЊЕ КОМЕНТАР ЗА ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈА НА ЗЕМЈА: НАСОКИ И ОБРАЗЕЦ ЗА ИЗВЕШТАЈ

Овој документ е наменет да им помогне на ГО во подготвувањето коментари за официјалниот извештај од ревизија на вашата земја (извршно резиме или целосен извештај ако е достапен). Тој вклучува:
- Група на насоки, кои се осврнуваат на клучни проблеми
-Нацрт образец за извештај со насоки на крајот од секој дел

## НАСОКИ

Коментарот за извештајот од ревизија на земјата е насочен кон владата, јавните службеници и професионалците во таа област. Вие треба да подготвите темелна анализа, ако е можно, на извршното резиме и/или целосен извештај доколку тоа е можно.

**Ако веќе сте подготвиле паралелен извештај на ГО** (види Прилог 3) или која било друга анализа за имплементацијата, тогаш можете да ги споредите вашите наоди и препораки со официјалниот извештај.

**Ако уште не сте спровеле каква било анализа** за имплементацијата на УНКАК, тогаш ќе треба да ја завршите аналитичката работа во оваа фаза (види дел 4 од овој водич). Можете член по член да ги прегледате наодите на извршното резиме/целосниот извештај и да дадете коментар за нив.

Можете да ги забележите наодите и препораките со кои се сложувате и кои сметате дека се важни. Исто така, треба да дадете до знаење ако има неточности, пропусти, контрадикции или грешки. Ако укажете на слаби страни, треба да имате предвид дека ова може да создаде сомневање или во вредноста на извештајот или во вашите ставови.

> Во Прилог 3 можете да најдете повеќе насоки за подготовката на овој извештај.

## ДАВАЊЕ КОМЕНТАР ЗА ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈА НА ЗЕМЈА:

Овој образец може да се спореди со образецот во Прилог 3 со значителна разлика; треба да се користи само кога е завршен циклус од процесот на ревизија и достапни се извештаите од ревизијата на имплементацијата на УНКАК во вашата земја.

Посебни упатства и насоки се дадени за секој дел во сино.

### ВОВЕД

Ве молиме користете ја следната структура:

(Име на земја) ја потпиша Конвенцијата на Обединетите нации против корупција (УНКАК) на (датум) и ја ратификуваше на (датум).

Овој извештај дава коментар за наодите за УНКАК на (Име на земја) (извештај од ревизија на имплементацијата / извршно резиме / извештај за самооценување) и ја анализира имплементацијата и спроведувањето на избраните членови од поглавјето/ата (II (превентивни мерки) / III (криминализација и спроведување на законот) / IV (меѓународна соработка) / V (поврат на средства) / VI (техничка помош и размена на информации)) на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупција.

**Домен**. Членовите за УНКАК кои добиваат особено внимание во овој извештај се (наслов и број на секој член).

**Методологија**. Извештајот го подготви (Име на ГО) со средства од (име каде што е соодветно). (Името на ГО) беше дел од процесот на ревизија преку (ако е применливо опишете го вашето учество).

Извештајот е подготвен со употреба на насоки и образец за извештај кој е подготвен од Транспеarенси Интернешнл за употреба од страна на ГО.

При подготвувањето на овој извештај, авторите исто така, ја земаа предвид неодамнешната ревизија на (Име на земја) која се изврши со (упатете на други механизми за ревизија ако се применливи).

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

1. Најважните наоди и препораки во извештајот со кои се сложувате
2. Најважните области со кои не се согласувате и причини зошто не се согласувате
3. Целосна проценка на квалитетот на процесот на ревизија и извештајот од ревизија
4. Препораки за продолжение на извештајот од ревизија

## II. ПРОЦЕНКА НА ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈА ЗА [име на земја]

Ве молиме проценете ја соодветноста на транспарентноста и вклучителноста на процесот на ревизија. Ве молиме, исто така, дадете коментари за информациите кои се дадени за процесот во извршното резиме или целосниот извештај од ревизијата. Можете да ја користите табелата која е дадена во Прилог 3 за да осигурите темелен преглед на проблемите.

## III. КВАЛИТЕТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ И ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Ве молиме проценете го квалитетот на информациите кои се дадени во извршното резиме или целосниот извештај од ревизија. Ве молиме исто така, дадете коментар за достапноста на тие информации за јавноста. (Видете Прилог 3 за прашања.)

## IV. НАОДИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРАВНА РАМКА И ЗА СИСТЕМОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ИЛИ ПРИМЕНА НА ПРАВИЛА И ПОЛИТИКИ

Ве молиме оценете ги квалитетот и соодветноста на наодите за вашата земја во извршното резиме или целосниот извештај од ревизија. Дали сите важни области се опфатени? Дали се изоставени некои важни добри практики или недостатоци?

## А. Правна рамка

Дали извештајот од ревизија на УНКАК ги опфаќа сите важни проблеми кои се однесуваат на имплементацијата на ревидираните членови? Дали се согласувате со толкувањето и процената на правните одредби како што се дадени во извештајот од ревизијата? Ако не сте, ве молиме наведете ги причините за тоа (видете Прилог 3 за прашања во врска со членови од поглавјата III и IV од УНКАК).

Можеби ќе сакате да ги разгледате наодите од извештајот за сите членови кои се опфатени со ревизијата или да се фокусирате само на некои.

## Б. Систем за спроведување или применување на правила и политики

Дали забелешките во извештајот од ревизијата на УНКАК ги опфаќаат сите проблеми што се однесуваат на системот за спроведување или примена на правилата и политиките? Дали се согласувате со наодите? Ако не се согласувате, наведете ги причините за тоа.

### 1. Статистички податоци и случаи

Дали се вклучени релевантни статистички податоци во врска со спроведувањето на членовите што се ревидираат, на пример, статистички податоци за кривични, граѓански и административни санкции и барања за взаемна правна помош; или статистички податоци за превентивна работа, како обука за кодекс на однесување, изјава за имотна состојба, жалби за јавни набавки, пристап до барања за информации кои се добиени и одговорени, итн.? Дали се нови и точни?
Дали информациите се за примери на случај кој е вклучен во извештаите од ревизијата на УНКАК? Дали недостигаат некои големи, нови случаи?

### 2. Обезбедување ресурси, независност и вештини на одговорните агенции

Дали забелешките во извештајот од ревизијата на УНКАК ги опфаќаат сите релевантни проблеми што се однесуваат на обезбедување ресурси, независност и вештини на системот за спроведување или примена на правилата и политиките?

### 3. Други институционални проблеми

Дали забелешките во извештајот од ревизијата на УНКАК ги опфаќаат сите други релевантни институционални проблеми кои се однесуваат на имплементацијата на членовите според ревизијата?

## V. ПРЕПОРАКИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ

Ве молиме оценете го квалитетот и соодветноста на дадените препораки. Дали сите важни области се опфатени? Дали се изоставени некои важни препораки?

Ве молиме додадете ги вашите препораки за приоритетните проблеми, ако недостигаат во извештајот од ревизијата.

## VI. ПОТРЕБА ОД ТЕХНИЧКА ПОМОШ

Ве молиме оценете ги препораките, ако има, за потребата од техничка помош. Ве молиме исто така, наведете дали ГО заедницата може да задоволи некои од тие потреби.

# ПРИЛОГ 5:
# ПРИМЕРОК ОД ПИСМО ДО ВЛАДИНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ СО БАРАЊЕ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД РЕВИЗИЈАТА

До: (Име на лице или канцеларија во агенција или министерство).

Почитувани,____(или) До онаму каде што е потребно

(Јас / ние) (*Ако пишува повеќе од една организација*) со интерес го прочитавме извршното резиме од ревизијата на успесите и предизвиците на (Име на земја) во имплементирањето на поглавјата од Конвенцијата на ОН против корупцијата (УНКАК) кои опфаќаат (криминализација, спроведување и меѓународна соработка / превентивни мерки и поврат на средства) *(зависно од тоа дали го барате извештајот од првиот или вториот циклус на ревизија)*. Тоа резиме беше создадено во (првиот/вториот) петгодишен циклус од процесот на ревизија на УНКАК и е објавен на интернет-страницата на Канцеларија на Обединетите Нации за дрога и криминал (УНОДЦ) во Виена. (Врската е дадена на крајот на ова писмо.) За жал, (јас / ние) на јавната интернет-страница не можевме да пристапиме до копија од целосниот извештај од ревизијата кој ја дава основата за извршното резиме.

(Јас / ние) ви пишуваме во име на (име на ГО) со цел да побараме копија од целосниот извештај од ревизијата на УНКАК за (Име на земја) во електронски или печатен формат *(ако имате само еден приоритет побарајте само еден формат).*

(Јас / ние) исто така, ви пишуваме за да прашаме дали владата на (Име на земја) веќе презела два важни чекора за да ги направи достапни за јавноста целосните резултати од процесот на ревизија на УНКАК. Би биле благодарни ако можете да ни кажете дали владата:

-Ѝ посочи на УНОДЦ да го објави целосниот извештај од ревизијата на интернет-страницата на УНОДЦ? Ова го направија голем број влади.
-Ги објави и целосниот извештај од ревизијата и извршното резиме на национална интернет-страница на лесно достапна локација? Би било корисно ако извештајот се објави на нашиот национален јазик/ци и се

постави на владина интернет-страница која е наменета за процесот на ревизија на УНКАК.
Во идеален случај, интернет-страницата треба да воочи кои чекори владата планира да ги преземе за да ги следи препораките од извештајот.

Ние го прегледавме целосните извештаи на УНКАК за земјата кои се веќе објавени за други земји и забележавме дека тие даваат вредни информации за (криминализација, спроведување на законот и меѓународна соработка/превентивни мерки и поврат на средства) *(зависно од тоа дали го барате извештајот од првиот или вториот циклус од ревизијата)* законите и практиките во засегнатите земји. Иако извршните резимеа ги вклучуваат главните наоди од ревизиите, само целосниот извештај дава соодветни информации за предметот кој што се ревидира.

Самата УНКАК гледа на транспарентноста и учеството на граѓанското општество како дел од борбата против корупција. Објавувањето на целосниот извештај од ревизијата ќе биде чекор понапред кон поддржување на овие цели и ќе ја стави нашата земја во многу позитивна позиција како земја која сериозно ги сфаќа овие обврски.

Владата успешно го поддржа завршувањето на првиот официјален извештај за спроведувањето на УНКАК на (Име на земја) и ние го цениме ова достигнување. За да се покаже посветеноста на владата во спроведувањето на УНКАК, важен чекор напред ќе биде да се осигури објавување на целосниот извештај.

Ќе ни биде задоволство лично да зборуваме со вас за проблемот во врска со објавувањето на целосниот извештај.

Со почит,
(Име) (Позиција) (Организација)

копија до: *(Можеби ќе сакате да го испратите писмото до одреден број на институции)*

Референции: Извршното резиме за (Име на земја) може да се најде на: www. unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/country-profile/index.html

# ПРИЛОГ 6:
# НАСОКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНА СЛОБОДА ЗА БАРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ

Многу земји кои ги завршија нивните извештаи од ревизиите имаат закон за слобода на информирање (ЗСИ). Овие закони може да обезбедат и реактивни (на барање) и проактивни откривања (објавувања без барање).

## Барање за информации

Поднесете барање за информации до вашата влада. Треба да биде сосема едноставно да се добие целосниот извештај преку редовната постапка за барање информации (секоја земја има свој механизам: некои имаат механизам кој се одвива онлајн, а други имаат во печатена форма) и задржуваат дел од вашето барање за информации како потврда за прием, проверка за препорачана пошта, итн.

Со исклучок на само неколку земји, нема потреба да се објаснува причината за барањето. Меѓутоа, со цел да спречите да ве одбијат, вреди накратко да се објасни зошто ви е потребен целосниот извештај. Вашите причини не мора да бидат детално објаснети, целата работа третирајте ја како прашање на учтивост. Испратете го барањето до јавниот орган кој е овластен да ја даде оваа информација. Тој веројатно е истиот јавен орган кој ја опфаќа главната точка.

Ако јавниот орган одговори на барањето, велејќи дека извештајот нема да биде објавен, бидејќи тоа не е побарано од механизмот за ревизија на УНКАК, треба да побарате решение велејќи дека законите за слобода на информирање не предвидуваат ваков вид на исклучок. Информациите треба да се чуваат како тајна само во доменот на исклучоци кои се дадени преку прецизни и конкретни одредби на законот. [54]

54 Дознајте дали вашата земја има закон за слобода на информирање и кои се исклучоците кои се содржат во него, www.freedominfo.org/2012/10/93-countries-have-foi¬regimes-most-tallies-agree/; во делот за новости на freedominfo.org можете исто така, да најдете листа на земји каде што стапиле во сила нови закони за слобода на информирање.

Секој закон за слобода на информирање предвидува правна поддршка за барање правно решение против одбивање. Тоа може да биде обична административна жалба, постапка на Комисијата за информации или на Народен правобранител, а во некои земји судските постапки се исто така, директно достапни во оваа област. Мора да решите зависно од секој контекст, кој избор е најдобар за вашата ситуација. Ако јавниот орган од кој барате не реагира, повикајте го по истекот на законскиот рок за одговор, ако е потребно побарајте средба или само испратете потсетник со повторување на вашето барање.

Ако земјата нема закон или декрет за слобода на информирање, повторно е можно да се побара овој документ. Во многу земји постојат посебни уставни одредби за слободата на информирањето. Одредбите за слобода на изразување или право на петиција може исто така да влегуваат во правото на пристап до информации. Повеќето земји, исто така, ги ратификуваа меѓународните конвенции за човекови права, кои вклучуваат можност за барање јавни информации.[55] УНКАК (член 13) вклучува слобода да се бараат, добиваат, објавуваат и распространуваат информации во врска со корупција – што треба да се имплементира во националниот правен систем. Сите овие извори на закони им дозволуваат на граѓаните да го побараат, да го добијат и споделат извештајот.

Ако не постои закон за слобода на информирање во вашата земја што може да ги дефинира постапките во случај на одбивање и владата не дава позитивен одговор или воопшто не дава одговор, сепак можете да одлучите да отидете на суд. Постојат многу примери во кои судиите сфатиле дека вие сепак имате право да барате вакви информации. Во секоја земја постојат ГО кои имаат искуство со ова и можат да посоветуваат во врска со оваа можност, друга опција е да се најде адвокат кој работи без надомест.[56] Во секој случај, вашите напори се вредни за да се нагласи на меѓународно ниво дека особено вашата земја не е во согласност со член 13 од УНКАК.

---

[55] Овде можете да најдете листа на релевантни меѓународни инструменти: www.right2info.org/international-standards.

[56] ГО за слобода на барање информации: www.foiadvocates.net/en/members; Мрежи кои работат без надомест: www.islp.org/content/law-firm-pro-bono-docket; www.pilnet.org/index.php?option=com_content&view=article&id=34&Itemid=55

Процедуралните правила, од една до друга земја, може да се разликуваат, но практично секаде можете да најдете граѓански организации или адвокати кои работат без надоместок, кои можат да ви помогнат со вашето барање или кога барате правно решение.

## Јавно објавување на целосниот извештај

Во значителен број на земји постојат проактивни обврски на владата кои се однесуваат на објавувањето на информации кои, исто така, може да го опфаќаат целосниот извештај од ревизија на земјата. Поради тоа што содржината на извештајот е релевантна за ГО, медиумите, бизнис заедницата, итн., важно е вашата влада да обезбеди пристап за сите. Најдоброто решение е одговорниот јавен орган да го објави на лесно достапна локација на интернет и да ѝ овозможи на УНОДЦ да го направи истото на нивната интернет-страница. [57]

Ако го добиете целосниот извештај по барањето, тоа е само еден чекор понапред кон убедување на одговорниот орган да го објави онлајн во корист на јавноста. Во секој случај, освен ако не сте се обврзале доверливо да го чувате документот, слободно објавувајте го и споделувајте го бидејќи меѓународното право ви го дозволува ова право. [58]

[57] Хелен Дарбишир, Проактивна транспарентност: Иднината на правото на информирање? (Proactive Transparency: The Future of the Right to Information?) Ревизија на стандардите, предизвиците и можностите, (Вашингтон, Федерален округ Колумбија: Светска банка, нема датум), http://siteresources.worldbank.org/WBI/Resources/213798-1259011531325/6598384-1268250334206/Darbishire_Proactive_Transparency.pdf.

[58] Изберете од претходните одредби на следните меѓународни конвенции во зависност од тоа која се однесува на вашата земја; секоја од нив го обезбедува правото на пренесување и споделување на информации: Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, од кој член 19 предвидува право на пристап до информации; Африканската повелба за човекови и народни права, од која член 9 предвидува право на пристап до информации; Американската конвенција за човекови права, од која член 13 предвидува право на пристап до информации; Европската конвенција за човекови права, од која член 10 предвидува право на пристап до информации.

# ПРИЛОГ 7:
# ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА УНКАК

Во земјите каде што УНКАК сè уште не е ратификувана, важно е граѓанските организации да имаат ефикасно застапување, така што нивните влади ќе ги преземат неопходните дејства. Листата на земји кои ја потпишале и/или ратификувале УНКАК може да се најдат на интернет-страницата на УНОДЦ. [59]
Ако УНКАК не е ратификувана во вашата земја, треба да ги земете предвид следните чекори за да ја поттикнете ратификацијата:

## Истражете го процесот за ратификација или пристапување во вашата земја

Процесите на ратификација се различни и се наоѓаат во националното право. Општо земено, тие вклучуваат одобрување од национален законодавен орган и претседателот на државата. Може да биде потребно и објавување во службен весник. Во многу земји, постои правило или пракса која бара пред ратификацијата, владата прво да направи некакви промени во националната правна рамка што се бара од конвенцијата.

## Утврдување на фазата која владата ја достигнала и какви било пречки во завршувањето на процесот

Оваа информација треба да биде дадена на располагање од страна на едно или повеќе министерства, како што е Министерството за надворешни работи, за правда и за внатрешни работи, од канцеларијата на претседателот или премиерот или од соодветните парламентарни комитети.

[59] Потпис на УНКАК и статусот на ратификација, www.unodc.org/unodc/en/treaties/CAC/ signatories.html.

## Препознавање на клучните учесници

Ќе биде неопходно да се утврди кои институции се одговорни за процесот на ратификација и, ако е можно, кои поединци се одговорни во тие институции. Не заборавајте да побарате потенцијални сојузници, како што се други граѓански организации или партнери од приватниот сектор. Исто така, може да биде корисен и притисокот од владите на други земји.

> Можете да најдете примери за активности, обрасци за писма и соопштенија за медиумите во Антикорупциските конвенции во Африка – Што може да направи граѓанското општество за тие да функционираат на Транспаренси Интернешнл.[60]

[60] Транспаренси Интернешнл, Антикорупциските конвенции во Африка – Што може да направи граѓанското општество за тие да функционираат, (Берлин: Транспаренси Интернешнл, 2007), стр.67-70, www. uncaccoalition.org/learn-more/resources/finish/9-sample-advocacy-materials/5-africa-advocacy-guide-english-2007.

